4 АПРИЛ, ДЕН НА НАТО | ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ИСЛАНД | „BOEING KC- 46 PEGASUS“ | ВИРУСОТ COVID-19

# ШТИТ

Број 127
Мај 2020

ISSN 1857-6710
9 771857 671002

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**



## Армијата на Република Северна Македонија со широк спектар на активности се справува со предизвиците од пандемијата



# Донации од НАТО сојузниц
# и пријателските





Соработката помеѓу Армијата на Република Северна Македонија и НАТО сојузниците, партнерите и пријателските армии продолжува и во овие сложени услови на справување со ширењето на глобалната пандемија со вирусот „Ковид-19“ во вид на солидарност и поддршка. Во изминатиот период, по прогласувањето вонредна состојба поради пандемијата, сојузничките и партнерски армии на директен или индиректен начин демонстрираат поддршка и се вклучуваат во давање солидарна помош и спроведување на мерки наменети за спречување на ширење на епидемијата.
Военото воздухопловство на турските Вооружени сили, кои се наш стратешки партнер, реализираше транспорт на медицинска заштитна опрема наменета за македонското јавно здравство во справувањето со пандемијата „Ковид-19“. Донацијата, која се состоеше од заштитни медицински маски, заштитни скафандери, дијагностички тестови и друг медицински материјал, ја прими заменикот на НГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, како официјален претставник од Армијата, кој изрази благодарност за солидарноста. Претходно, од страна на воените претставници на Вооружените сили на Обединетото Кралство во нашата земја, беше предадена донација која се состоеше од заштитни ракавици и повеќе видови пумпи со висок притисок и рачни пумпи за дезинфекција. Донацијата во Министерството за одбрана беше примена од страна на државниот секретар Драган Николиќ. САД, како стратешки партнер, доделија




# ите, партнерите армии



и финансиски средства за оваа намена. Воените претставници на Народна Република Кина во нашата земја предадоа донација во заштитни и дезинфекциски средства за потребите на припадниците на нашата армија, а војската на Словенија со воен воздухоплов изврши транспорт на медицински средства. На граничниот премин Деве Баир државниот секретар во Министерството за одбрана, Драган Николиќ прими дел од донацијата која Министерството за одбрана на Република Бугарија ја донираше на нашата земја преку Министерство за одбрана. Донацијата ја предаде Илија Налбантов, шеф на политичкиот кабинет на бугарскиот министерот за одбрана, Красимир Каракакачанов. На примопредавањето, државниот секретар Николиќ упати благодарност до Министерството за одбрана на Република Бугарија и додаде дека на дело се покажуваат добрососедските односи, особено во овие тешки моменти. Тој додаде дека секоја поддршка во овие моменти е мошне значајна во оваа битка со COVID-19 вирусот и дека секоја помош нашите граѓани ќе ја паметат.







# содржина

ШТИТ ■ година XII ■ број 127 ■ мај 2020

Инфо 5

На прва линија
**Армијата на Република Северна Македонија со широк спектар на активности се справува со предизвиците од пандемијата** 6

НАТО активности
**Безбедноста преку партнерството во НАТО** 8

Глобал
**Пандемијата – совршен терен за ширење на екстремизмот** 10

НАТО армии
**Вооружените сили на Исланд** 14

ОРОРСМ-активности
**Општинска организација на ОРОРСМ Демир Хисар** 17

Едукација
**Следната воена доктрина** 20

Вооружување
**Руски контејнерски ракетен систем „Клуб-К“** 32

Вооружување
**„Boeing KC- 46 Pegasus“** 34

Вооружување
**„Коматсу“ – лесни оклопни возила на тркала 4x4 на јапонската армија** 36

Вооружување
**Подмолни замки на смртта** 40

Незадолжително
**Низ историјата на пандемиите** 48

Незадолжително
**Извидничко движење** 52

Филм
**„Дојди и види“** 56

# Ние сме НАТО – и во добро и во зло

Република Северна Македонија, како дел од НАТО Алијансата ги споделува истите вредности, истите придобивки и доблести од колективното членство, но заедно со останатите членки, се соочува и со сите предизвици и се справува со проблемите присутни во светот.
Во овој период, за жал, како НАТО членка се соочуваме и со предизвиците во справувањето со пандемијата од КОВИД-19, која коси и на глобално и на регионално и на национално ниво. Денес, Република Северна Македонија, како држава членка на НАТО Алијансата, веќе го користи инструментот за поддршка на цивилните кризи од страна на Алијансата и се очекува зголемена соработка со армиите и со центарот на НАТО Алијансата.
Во национални рамки, нашите институции успеаја да покажат добри резултати во спречувањето и ставањето под контрола на епидемијата. Сите се придржуваме до препораките и ги почитуваме мерките донесени од Владата.
Армијата на Република Северна Македонија, уште на самиот почеток на епидемијата во нашата земја, покажа дека е исклучително посветена и дека нејзините припадници професионално и одговорно ги преземаат сите потребни активности за да се спречи ширењето на болеста.
Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, ова го потенцираше во своето видеообраќање на Состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО. Справување со пандемијата од КОВИД 19 беше главна тема на Состанокот на министрите за одбрана на земјите членки на НАТО, кој овојпат се одржа по пат на телеконференциска врска.
Министерката Шекеринска во своето видеообраќање на Состанокот истакна дека, нашата држава добро знае што значи да се даде помош кога е тоа потребно и ја изрази нашата подготвеност за поддршка на КФОР во услови на медицински итни потреби. Таа, во своето обраќање, се осврна на сојузништвото и на солидарноста помеѓу државите членки на НАТО и упати благодарност до нашите сојузници од НАТО, посебно до САД, Турција, Чешката Република, Норвешка, Унгарија, Словенија, Обединетото Кралство, Холандија и Бугарија, кои ни ја испратија неопходната помош во оваа голема криза. „Помошта многу ни значи бидејќи е во услови на општа загрозеност на сите држави и ги става на тест националните здравствени системи низ целиот свет”, рече министерката.
На крајот на состанокот, генералниот секретар Столтенберг, рече: „Кризата покажа дека нашите членки се истрајни и обединети. Нашите вооружени сили веќе играат важна улога во поддршка на иницијативите на цивилните авторитети. Така, низ користењето на НАТО механизмите, сојузниците си помагаат едни на други во спасувањето животи”.
Ќе заклучиме дека нашето членство во НАТО, не само што ни овозможи пристап до сите колективни инструменти за одржување на безбедноста и просперитетот на државата и непречено споделување на демократските вредности, туку ни даде можност, во моменти на криза, каква што е оваа денес, заедно со други армии и одбранбени системи од НАТО Алијансата, да обезбедиме повеќе инструменти за заштита и на здравјето и на сигурноста на нашите граѓани.

д-р Жанет Ристоска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
**Радмила Шекеринска**

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:

Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар, фотографии)

Печати:
„СТУДИО НАМПРИНТ“
ДООЕЛ Скопје




ШТИТ
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат
еднаш во месецот

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
www.mod.gov.mk;

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.



# 4 Април, Ден на НАТО

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана Радмила Шекеринска и министерот за надворешни работи Никола Димитров, упатија честитки по повод 4 Април, Денот на НАТО. Премиерот Спасовски во својата порака истакна дека по децении сонување дојде денот кој и ние ќе го одбележиме како полноправна членка на НАТО. „Денес, може да си честитаме заедно, затоа што ја остваривме нашата стратешка цел и ги исполнивме заложбите на сите изминати генерации. Благодарение на одлучната определба на вас, граѓаните, на заложбата на оваа влада, на решените спорови со соседите и тешките реформи кои ги спроведовме, денес сме дел од најсилниот политички и воен сојуз во историјата на човештвото. Со нас, НАТО брои 30 држави. Сојузници сме со најмоќните во светот, стоиме рамо до рамо, посветени на заедничкиот систем на колективна безбедност“, истакна премиерот Спасовски. Тој подвлече дека веќе ги гледаме придобивките од нашето членство во НАТО. Побезбедни сме, постабилни и НАТО ни помага во борбата со Корона вирусот и додаде дека кога ќе се вратат работите во нормала, ќе дојдат и поголемите економски придобивки. „Бидете безбедни затоа што државата е безбедна. Ние сме НАТО! Нека ни е среќен и вековит Денот на НАТО!“, се вели во честитката на премиерот Спасовски. Вицепремиерката и министерка за одбрана Шекеринска подвлече дека изминатите години, секоја година на овој ден го подигавме знамето на НАТО како знак на нашите желби. „Денес тоа е знак на нашиот успех – знамето на нашата земја се вее со знамињата на 29 други земји, како членка на најмоќната алијанса. Успеавме. По 30 години говори, ветувања и надежи. На овој пат, за овој успех, не бевме сами. Одевме заедно со огромно мнозинство на наши граѓани, кои не се откажаа и не потклекнаа“, вели во пораката министерката Шекеринска. Таа додаде дека, заедно со нашите стратешки сојузници САД, Турција, Велика Британија, Германија, Италија, Норвешка, и со сите останати, како и со нашите соседи, и денеска сме обединети во битката против вирусот. „Веќе го активиравме НАТО инструментот и ќе ја добиеме помошта која ни е потребна. Честит да ни е Денот на Алијансата! Заедно сме посилни! Заедно ќе успееме!“, порача во честитката Шекеринска. Министерот за надворешни работи Никола Димитров, по повод одбележувањето на 71. роденден на Алијансата, во упатената честитка подвлече дека Денот на НАТО, од 27 март годинава, е и наш ден и го славиме заедно со 29 наши сојузници. „Во услови кога сите прашања на Балканот не се затворени, за нашата државност и за нашите граници веќе нема ниту еден прашалник! Македонски народе, драги сограѓани Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други: Да ни е честита нашата заедничка куќа, што сега е далеку побезбедна. Ослободени од ова гајле, до нас е да си ја уредиме и да си ја направиме успешна, за сите да се гордееме!“, истакна во својата порака министерот Димитров. „Ќе нè биде!“, порача во честитката министерот Димитров, честитајќи го денот на формирањето на НАТО Алијансата.




# Армијата на Република Северна Македонија со широк спектар на активности се справува со предизвиците од пандемијата

Заменичката на претседателот на Владата и министерка за одбрана, Радмила Шекеринска, учествуваше на телеконференцискиот состанок на министрите за одбрана на НАТО земјите, посветен на борбата против COVID-19

Состанокот министрите за одбрана на НАТО земјите го отвори генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг, а министерката Шекеринска, заедно со другите министри за одбрана, имаа одвоени излагања на кои ги изнесоа гледиштата и ставовите на своите земји во поглед на ширењето на заразата и мерките за помош на цивилните власти во намалувањето на последиците од нејзиното ширење. Ова беше прво официјално учество на наш министер за одбрана на состанокот на министрите на земјите членки на НАТО. По повод приемот на Република Сверна Македонија во НАТО, генералниот секретар и голем број на министри за одбрана, честитаа за членството и го поздравија првото учество на Шекеринска како полноправна членка. Министерката Шекеринска се заблагодари за поддршката што ја доби нашата земја за приемот во НАТО и ја истакна нашата подготвеност за соработка со сојузниците во борбата против пандемијата. Министерката Шекеринска упати порака до генералниот секретар на Алијансата и до министрите за одбрана дека „нашата држава добро знае што значи да се укаже помош кога е тоа потребно“ и ја изрази нашата подготвеност за поддршка на КФОР во услови на медицински итни потреби. Министерката упати сочувство за жртвите од пандемијата и изрази увереност дека НАТО со својот широк спектар на активности ќе придонесе за побрзо и поефикасно справување со здравствената криза.

На крајот на состанокот, генералниот секретар Столтенберг рече: „Кризата покажа дека нашите членки се истрајни и обединети. Нашите вооружени сили веќе играат важна улога во поддршка на иницијативите на цивилните авторитети. Така, низ користењето на НАТО механизмите сојузниците си помагаат едни на други во спасувањето животи“. Поддршката во борбата против вирусот ја координира командантот на Здружената команда за Европа, генералот Тод Волтерс. Помошта се одредува преку утврдување на потребите и понудите од сојузниците и партнерите и организирање воздушен транспорт со кој стотици тони опрема и материјали се насочуваат кон земјите кои имаат итна потреба.

Министерката за одбрана, Радмила Шекеринска, пред Министерството за одбрана одржа прес-конференција по повод состанокот на министрите за одбрана на НАТО одржан преку телеконференциска врска. Министерката Шекеринска во своето обраќање до медиумите најпрвин истакна: „Вчера за

првпат имав прилика да ја претставувам нашата држава во својство на полноправна членка. Триесет министри за одбрана, заедно со генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг и претставници на Воениот комитет на НАТО, разговаравме за тоа како земјите членки на НАТО се справуваат со пандемијата, но и на кој начин НАТО помага во таа операција и на кој начин може повеќе да се мобилизира на истата тема“.
Министерката Шекеринска рече дека добила честитки од министрите за членството во Алијансата и дека се заблагодарила на поддршката и на помошта што нашата земја ја добива во кризата со Корона вирусот од САД, Турција,  Норвешка, Холандија, Словенија, Унгарија, Велика Британија, Чешката Република и Бугарија .
„Во исто време ова беше шанса да испратиме порака дека не сме држава која само чека помош, туку дека сме и држава којашто има капацитет и да понуди помош. Ги понудивме нашите медицински капацитети за соработка со КФОР, којшто практично добива целосна логистичка поддршка и од нашата држава“, истакна Шекеринска. Таа, исто така, потсети дека на состанокот биле разменети искуства со останатите земји во борбата со вирусот. „Ме радува фактот што видов дека одговорот на сојузничките армии за справување со пандемијата со широк спектар на активности е речиси идентичен на начинот на кој ја ангажиравме нашата армија за поддршка на цивилните власти“, рече Шекеринска.
„Прво, помош во контрола на границите, поставување и чување на контролните точки за влез и излез во одредени градови или општини, и обезбедување на критичната инфраструктура и виталните објекти, поставување на полски болници, како што е нашата што ја поставивме до Инфективната клиника и користење на воените медицински капацитети во поддршка на цивилните здравствени капацитети, обезбедување на специјализирани тимови за билошка и хемиска одбрана за вршење на  дезинфекција, обезбедување на инженериски градежни услуги како што нашите инженериски екипи го правеа тоа на Универзитетската клиника и на Инфективната клиника“, посочи министерката.
Министерката Шекеринска најави дека припадниците на Армијата ќе бидат во зголемен обем и во единиците на локалната самоуправа во сите општини каде што таа помош беше побарана. „Можам да најавам дека припадниците на Армијата ќе бидат дополнително ангажирани во: Скопје, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга, Охрид, Струмица, Куманово, Битола, Прилеп, а разговаравме и со општините Центар, Велес, Кавадарци и Росоман. Очекуваме ваквото поголемо присуство и учество да им помогне и на општините, но и на МВР да се справат со спроведување на сите мерки за заштита“, рече Шекеринска. Седењето дома и почитувањето на пропишаните мерки за спречување на ширењето на заразата со вирусот COVID-19 значи спасување на стотици животи и ќе ни помогне што побргу да се вратиме во нормална ситуација следниов период.




Кризата покажа дека нашите членки се истрајни и обединети. Нашите вооружени сили веќе играат важна улога во поддршка на иницијативите на цивилните авторитети. Така, низ користењето на НАТО механизмите сојузниците си помагаат едни на други во спасувањето животи

**(Јенс Столтенберг)**




Ме радува фактот што видов дека одговорот на сојузничките армии за справување со пандемијата со широк спектар на активности е речиси идентичен на начинот на кој ја ангажиравме нашата армија за поддршка на цивилните власти

**(Радмила Шекеринска)**



# Безбедноста преку партнерството во НАТО

Со крајот на Студената војна заканата од судир помеѓу Истокот и Западот исчезна, а со тоа и огромните армии и резерви на оружје и муниција повеќе не беа потребни. Спроведувањето на реформите во одбраната не беше ниту евтино ниту лесно

Алијансата се приспособи на стратегискиот концепт по Студената војна преку прифаќање на поширокината дефиниција за безбедноста како една од фундаменталните безбедносни задачи на НАТО, како и со започнување партнерство и соработка во целата Северноатлантска област. Процесот беше иницирал во 1990 година, кога сојузничките лидери подадоа рака на пријателство преку поранешната линија на пријателство помеѓу Истокот и Западот, предлагајќи нов однос на соработка со земјите од Централна и од Источна Европа, како и со поранешните советски републики. Со крајот на Студената војна заканата од судир помеѓу Истокот и Западот исчезна, а со тоа и огромните армии и резерви на оружје и муниција повеќе не беа потребни. Спроведувањето на реформите во одбраната не беше ниту евтино ниту лесно.

Ваквите настани ја подготвија сцената на создавање Северноатлантски совет за соработка во декември 1991 година, како форум за советување насочен кон градење заемна соработка. Веднаш по крајот на Студената војна, консултациите во рамките на Северноатлантскиот совет за соработка се фокусираа на безбедносните прашања заостанати од Студената војна, како што беа повлекување на руските трупи од балтичките држави. Неколку години подоцна, партнерскиот процес направи важен чекор понатаму, кога во 1994 година го иницираше „Партнерството за мир“, голема програма за практична билатерална соработка помеѓу НАТО и поединечните партнери. Еден од најважните придонеси на „Партнерството за мир“ беше Процесот на планирање и анализа за помош на земјите од НАТО и партнерите од Западна Европа, со цел да споделуваат експертиза и да даваат помош во решавање на широките концептуални и практични проблеми на реформите во одбраната. Во 1997 година беше формиран Евроатлантскиот партнерски совет, со цел да го замени Северноатлантскиот совет за соработка и да се надгради врз неговите постигнувања, отворајќи зголемено и пооперативно партнерство. Истата година се развија посебни односи со Русија и со Украина, што беше постигнато со потпишувањето на Основачкиот документ за заемни односи, соработка и безбедност помеѓу НАТО и Русија и на Повелбата за дистинктивно партнерство помеѓу НАТО и Украина.

## Реформи во одбраната

По завршувањето на Студената војна, над пет милиони воени лица беа отпуштени од вооружените сили на земјите партнери. Постоеше итна потреба да се обезбедат можности за

преквалификација и алтернативно вработување. На почетокот од 2000 година, НАТО понуди да им помогне на земјите партнери во нивните напори да се преквалификува воениот персонал и да се олесни неговата реинтеграција во цивилниот живот. Беше формиран тим на експерти од НАТО за да им понуди на државните власти совети, анализи и насоки за политиките и програмите на кадровската преквалификација. Активностите кои се поддржуваа во своите програми вклучуваа основање центри за преквалификација и советување на воениот персонал кој наскоро требаше да биде отпуштен од армијата, за тоа како да најдат работа или да започнат бизнис, да посетуваат курсеви по страни јазици и слично. Романија и Бугарија, земји партнери во тоа време, станаа првите земји коишто ја искористија оваа помош. До 2004 година, околу 20.000 офицери во секоја од овие земји посетуваа програми за преквалификација.



На Самитот во Прага во 2002 година беа преземени чекори на зајакнување на соработката меѓу НАТО и партнерите, во насока на справување со безбедносните предизвици на 21 век. Со започнување на Партнерскиот акционен план против тероризмот, беше дадена рамка за соработка и споделување на разузнавачките информации и соработка во некои области како што се граничната безбедност, обука, вежби, развивање на капацитети за одбрана од терористички напади или, пак, за справување со последиците од таков напад. Со овој план, исто така, се промовираа активности за обезбедување на физичката безбедност, како и безбедно уништување на вишокот муниција на мало и лесно оружје, како што беа рачните лансери на ракети и гранатите.

Опасностите од ширењето на евтино и индискриминативно оружје влегоа во фокусот на растечката меѓународна загриженост. Малото оружје, кое лесно можеше да се набави и лесно да се користи, помагаше во разгорувањето и продолжувањето на вооружените конфликти. Цивилите многу почесто беа цели и жртви на зголеменото насилство. Според Обединетите Нации и други извори, од четирите милиони жртви од војни во деведесеттите години од минатот век, 90% биле цивили, а од нив 80% биле жени и деца. Се проценуваше дека има над 500 милиони парчиња мало и лесно оружје во светот, доволно за еден на секои 12 луѓе. Тие беа причина за преку 1.000 смртни случаи секој ден. Во однос на противпешадиските мини, се проценуваше дека има закопано во земја вкупно околу 100 милиони парчиња ширум светот. Во просек, една мина експлодираше на секои 22 минути, од што секоја година имаше убиени или осакатени 26.000 жртви. Статистиката покажа дека заклучно со почетокот на 2005 година, околу 1.6 милиони противпешадиски мини успешно биле уништени во Албанија, 12.000 мини и 7.000 тони вишок на муниција и ракетно гориво се уништени во Молдавија, 400.000 противпешадиски мини се уништени во Украина, 1.200 мини во Таџикистан и над 300 ракети биле демонтирани во Грузија. Дополнителни чекори беа преземени на самитот во Истанбул во јуни 2004 година, надоврзувајќи се на напредокот од донесените решенија од самитот во Прага, со цел јакнење на евроатлантското партнерство и негово натамошно приспособување. Првобитната цел на партнерската политика на НАТО беше да се срушат бариерите и да се гради безбедноста преку дијалог и соработка. Денес целите се многу поамбициозни, затоа што земјите партнери работат заедно со НАТО на справувањето со безбедносните предизвици на 21 век, вклучувајќи го тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување и справување со проблемите во нестабилните држави. Погоренаведените заклучоци бараат намалување на својот воен персонал, опрема и бази, трансформирајќи ги своите сили со цел да можат да одговорат подобро на одбранбените потреби денес. Земјите партнери кои го започнале овој долг и тежок процес, честопати немаат доволно ресурси и експертиза. Тие се соочуваат со тешката задача на преструктуирање и преквалификација на воените сили кои порано биле дел од високо милитаризирано опкружување, а сега повеќе не се исплатливи или не се соодветни во контекст на демократската промена. Во трансформацијата на нивните армии, клучен приоритет е развивањето капацитети, што ќе им овозможи да придонесат во справувањето со кризите и мировните операции во Евроатлантската област.

Драган Павловски





# Пандемијата – совршен терен за ширење на екстремизмот

Во текот на долгите, изолирани денови, многу луѓе поголем дел од времето бараат спас на слабо контролираните форуми на социјалните медиуми. Безбедносните служби, кои работат на спречување на екстремизмот, веќе алармираат дека потенцијалните групи коишто шират омраза, можат да ја искористат оваа застрашувачка и збунувачка ситуација

Денес државите ширум светот силно се посветени во решавање на домашните проблеми и на спречување на ширењето на вирусот COVID -19. На милиони луѓе животот им се смени преку ноќ, тие се заглавени во своите домови, загрижени и со страв ги следат мноштвото дезинформации кои се пласираат во врска со вирусот. Сведоци сме дека одредени групации бараат жртвени јариња во маргинализираните заедници и етничките групи, ги обвинуваат мигрантите, или, пак, вирусот го нарекуваат „кинески грип“. За неонацистите, деснокрилните екстремисти, белите супремисти и други екстремистички групи, пандемијата на COVID-19 е можност да ја посеат својата идеологија и да ги забрзаат напорите за пропаѓање на општествата и владите. Крајно десничарските екстремисти се обидуваат вирусот буквално да го искористат како оружје, преку теории на заговор,



пропаганда и поттикнување.
Додека светот со загриженост ја следи кризата и предизвикот да се надмине истата, екстремистите сметаат дека ова вознемирувачко време за нив е можност за да ги интензивираат формите на омраза кон одредени социјални групи. Екстремно десничарскиот одговор на пандемијата ја отсликува децентрализираната и фрагментирана природа на овие движења. Во светот на онлајн-комуникацијата, белите супремисти и етнонационалисти развиваат и пропагираат теории на заговор, пласираат дезинформации за избувнувањето на вирусот и ги интегрираат во нивните долгогодишни екстремистички наративи. Во текот на долгите, изолирани денови, многу луѓе, поголем дел од времето бараат спас на слабо контролираните форуми на социјалните медиуми. Безбедносните служби, кои работат на спречување на екстремизмот, веќе алармираат дека потенцијалните групи коишто шират омраза можат да ја искористат оваа застрашувачка и збунувачка ситуација. На онлајн-социјалните медиуми, на крајно десничарските форуми веќе е регистриран многу голем број антисемитски, ксенофобични и расистички постови поврзани со овој вирус.
Во Велика Британија, Националното социјалистичко движење, на апликацијата „Телеграм“, дистрибуираше објава со наслов „Што да направите ако добиете COVID-19“. Советите што ги даваат се далеку од социјално корисни. Тие ги охрабруваат заразените да ги посетуваат локалните џамии и синагоги, како и да го поминуваат време во различни населби и во јавниот превоз. Нивните објави се исполнети со антисемитска и антимуслиманска реторика, со намера да се злоупотреби националната здравствена криза. Дел од дезинформациите се објавите на деснокрилните екстремисти дека, во Италија, нултиот пациент кој го донел вирусот е пакистански мигрант, кој наводно одбил да се изолира, откако бил тестиран позитивно на вирусот. Овој вознемирувачки период на криза и паника е експлоатиран од крајно десничарските екстремисти кои имаат намера да ги дестабилизираат и да предизвикаат дополнителен хаос во либералните демократски општества. Сега луѓето се мошне ранливи и ова е време кога екстремистичките групи ќе се обидат да ги искористат овие предности. Белите супремистички движења масовно ги мобилизираат своите следбеници, а пандемијата на Корона-вирусот често се користи



Екстремистичките организации и терористичките групи ја користат пандемијата за да ја спроведат својата идеологија и да ги доведат во прашање институциите на современите демократски држави

во нивниот наратив за подгревање на социјални немири кои ќе предизвикаат конфликт со сценарио за „последни одброени денови“, кога сегашните режими ќе бидат заменети со бели супремистички општества. Неодамнешната анализа на ФБИ опишуваат како екстремните десничарски организации посакуваат ширење на вирусот помеѓу Евреите. Пораките коишто ги шират помеѓу нивните групи ги охрабруваат своите членови да користат шишиња исполнети со заразни телесни течности, со кои ќе ја нападнат полицијата и местата каде што може да се соберат Евреите, вклучително и пазарите, канцелариите на политичките партии, деловните собири и местата за богослужба.
Дека заканата е реална и присутна, се потврди и со акцијата на ФБИ во која беше елиминиран 36-годишен неонацист. Во март оваа година неонацистот Тимотеј Вилсон, подготвувал напад со автомобил-бомба врз болница во Белтон, Мисури, САД. Тој планирал да изврши терористички напад, преку кој ќе предизвикал штета на објект што обезбедува критична медицинска нега за болните од вирусот. Неговата намера била да го забрза општествениот колапс за кој сонуваат неонацистите. Историски гледано, екстремно десничарските групи имаат корист од превирањата коишто се појавуваат за време на глобалните или националните кризи.

Во исто време, милитантните исламистички терористички организации не мируваат и ја трошат својата енергија за промовирање на терористички напади против „неверниците“ и останатите муслимани коишто не се согласуваат со нивната идеологија. Многу арапски и исламски земји забранија молитви во џамиите за да помогнат во спречување на заразата за време на војната со вирусот COVID-19. Научниците, ширум светот, денонoќно работат да најдат вакцина за вирусот, а во исто време „Муслиманското братство“ (транснационална сунитска исламистичка организација основана во Египет) и некои нејзини сојузници, издаваат фатва (исламско верско мислење) преку кое ги изложуваат





терор, паника и скептицизам во институциите и помеѓу лидерите на државите. Вториот елемент е експлоатација на веќе инфицираните и болни луѓе за што помасовно ширење на оваа пандемија, монополизирање на одредени лекови и фармацевтски производи кои помагаат во спречување на вирусот, со цел да се предизвика зголемена побарувачка, односно недостиг на истите преку предизвикување на страв и за да се принуди населението масовно да купува големи количини на храна, што ќе предизвика дополнително зголемување на цените.
Екстремистичките организации и терористичките групи ја користат пандемијата за да ја спроведат својата идеологија и ги доведуваат во прашање институциите на современите демократски држави. „Муслиманското братство“ и терористичката организација „Исламска држава“, преку голем број фатви ги повикале муслиманите да произведат „човечко биолошко оружје“ за да ги нападнат непријателите на исламот. Тие, исто така, заклучиле дека муслиманите кои ќе умрат од КОРОНА-вирусот се сметаат за „маченици“. Организацијата на „Муслиманското братство“ и Салафитичкото движење, преродбеничко движење во рамките на сунитскиот ислам кое има корени од вахабизмот од XVIII век од денешна Саудиска Арабија, сметаат дека вирусот е „божја казна“ за оние коишто го забраниле носењето на бурка – дел од облеката којашто го покрива лицето, облека што ја носат некои муслимански жени како дел од толкувањето на хиџаб (исламските училиштата му даваат на хиџабот

своите опасни ставови, идеологија и непочитување на човечкиот живот. Глобалната организација „Фатва индекс“, која е поврзана со египетската „Дар ал Ифта“ (египетски исламски образовен институт) и „Генералниот секретаријат за Фатва во светот“ (институт што меѓународно го претставува исламот и исламските правни истражувања), на 16 март оваа година, објави дека набљудувала и анализирала бројни фатви објавени во врска со вирусов. Експлоатацијата на овој настан се одвива преку два елементи. Првиот ги претставува идеите на екстремистичките организации и терористички групи за спроведување на таканаречените „хибридни војни – војни од петтата генерација“, преку кои имаат цел да шират хаос,

На луѓето им е потребно да им се помогне да разберат дека не се сами и дека луѓето постојат за да си помагаат, солидаризирајќи се едни со други. Како човечки суштества, во моментов, покрај храна и издржливост, потребна ни е и психолошка издржливост и само мал гест на љубезност, кој еден ден може да има големо позитивно влијание. Тоа може да ја победи заканата од екстремизмот



поширока симболика и значење, претставувајќи го како симбол на скромност, приватност и морал). Во август 2018 година, Комитетот на Обединетите нации за елиминација на расна дискриминација, објави дека еден милион муслимански ујгури (ујгурите се туркиски народ кој претежно живее во Кина, а повеќето од нив се со исламска вероисповед) и други муслимански групи се дислоцирани во кинескиот западен регион Ксинџијанг, каде поминуваат низ строги програми за „превоспитување“. Муслиманското братство и Салафитичкото движење сметаат дека избувнувањето на вирусов е божја казна за прогонството на ујгурските муслимани од страна на Кина.

Багат Сабер, активист на „Египетско муслиманско братство“ со седиште во Њујорк, на 1 март 2020 година, во сите нејзини припадници кои се заразени од вирусот COVID-19 да се регрутираат за да дејствуваат како „човечки биолошки бомби“ во различни делови на Ирак. Очигледно е дека терористичката организација „Исламска Држава“ сака да ги користи своите членови за ширење на вирусот помеѓу Ирачаните.

На каналот You Tube се поставени видеа за доаѓање на Судниот ден, џихадистичките снимки, и долги предавања на кои се говори дека вирусот е казна од Алах. Исламистичките активисти „онлајн“ ги убедуваат своите следбеници дека вирусот COVID-19 е американски и еврејски заговор за намалување на светската популација. Покрај зголемувањето на омразата, верските видеа честопати содржат опасни дезинформации од областа на здравството. Дезинформациите се истото, но на позитивен начин. На луѓето им е потребно да им се помогне да разберат дека не се сами и дека луѓето постојат за да си помагаат солидарно, едни на други. Како човечки суштества, во моментов, покрај храна и издржливост, потребна ни е и психолошка издржливост и само мал гест на љубезност кој еден ден може да има големо позитивно влијание. Тоа може да ја победи заканата од екстремизмот. Меѓутоа, има и позитивни знаци од многу заедници, каде што луѓето се организираат заедно да се справат со кризата.  Илјадници луѓе волонтираат за да му помогнат на својот здравствен систем, се спроведува координирана поддршка за здравствените работници, за војската и за полицијата, се помага на ранливите категории. Џамиите, синагогите и црквите си помагаат



видеото што го поставил на својата Фејсбук-страница, изјавил дека секој Египќанец кој има симптоми слични на вирусот COVID-19 треба намерно да оди во египетските полициски станици, јавните обвинителства, судови, амбасади и конзулати, да се ракува со владините службеници, со цел да се постигне одмаздата против корумпираната влада на претседателот Абдел Фатах Ал Сиси, која го угнетува народот. Тој напоменал дека, ако биде инфициран од вирусот, планира да оди во египетскиот конзулат во Њујорк и да ги зарази луѓето кои се таму вработени. Во извештај на ирачката разузнавачка служба се открива дека терористичката организација „Исламска држава“ барала важна сива област која во моментов не е опфатена со политиката на социјалните медиуми.

Од сето горенаведено, позитивна страна е дека фатвите на терористите и екстремистите не ги претставуваат ставовите на водечките исламски верски власти во повеќето арапски и исламски држави. Негативната страна е дека милитантните екстремисти и нивните сојузници повторно го докажуваат својот презир кон човечкиот живот, вклучувајќи го и животот на муслиманите кои се спротивставуваат на нивната идеологија, тероризам и џихад. Екстремистичките организации се обидуваат да ги освојат срцата и мислите на луѓето. Во борбата против екстремизмот треба да се направи едни на други. Ако оваа добра волја помеѓу луѓето може да се одржи и да се искористи и по повлекувањето на вирусот, тогаш екстремитичките групи нема да можат  долго да опстојат. Екстремистичките групи ги користат слабостите и лошите процени од страна на владите, обидувајќи се да се наметнат во општествата и да докажат дека тие се способни да им обезбедат сигурност и безбедност на граѓаните. Ова треба да претставува една опомена за современите западни демократии дека, во моменти на глобална пандемија треба да се покаже политичко лидерство, комуникација и градење на чувството за заедница, наместо поделби или поларизација.

д-р Ненад Танески

# Вооружените сили на Исланд



Исланд е островска земја во Северноатлантскиот Океан, распространета на повеќе од 103.000км2, и во неа живеат помалку од 355.000 жители. Таа е една од најсеверните населени места на планетата, но и многу живописна – со Ватна, најголемиот глечер во Европа, кој лежи врз островските планински венци, со изобилни топли гејзери, кои населението ги користи за загревање на своите домови и за развој на агрикултура под затворено, во текот на целата година со крајбрежната голфска струја која обезбедува блага клима. Исланд е унитарна република, со парламент како законодавен дом, држава формирана пред повеќе од 1.000 години, во времето на поморските крстарења на Викинзите, простор населуван од Норвежани и од Келти, кои продолжувале со своите пловидби и кон Гренланд и кон бреговите на Северна Америка. Најблизок сосед ѝ е Шкотска (на околу 800км).

**Националната безбедносна политика** во периодот по Втората светска војна, својата надворешна политика ја засновала на меѓународната мировна соработка и го потенцирала севкупниот и мултилатерален приод кон безбедносните прашања. Борбата за човекови права и родовата еднаквост, мирот и разоружувањето, се вредностите кои исландската надворешна политика ги потенцира во меѓународната соработка. Со соседите, Исланд го поддржува дијалогот за прашања во врска со безбедноста и одбраната, како и за операции од областа на барање и спасување. Со Законот за одбрана од 2008 г. е регулирано управувањето со








одбраната на државата и соработката на државните органи со странските држави и меѓународните организации. Надлежен за спроведување на овој закон е министерот за надворешни работи. Ова ја формулира одбранбената политика во рамките на овој закон и министерот е одговорен за изработка на безбедносна процена на заканите по безбедноста на земјата. Исто така, тој е одговорен и за Исландската безбедносна и одбранбена политика на меѓународната сцена и ја претставува Владата во релациите со странските држави, воените претставници и меѓународните безбедносни и одбранбени организации, вклучувајќи ја и Алијансата.

Со Националната безбедносна политика од 2016 г. се промовира зголемената кибернетичка (cyber) безбедност и се дефинираат глобалните закани по безбедноста на државата - тероризмот, организираниот криминал и заканите по финансиската и економската безбедност. Исто така, бил формиран и Совет за национална безбедност, консултативен форум за прашања од националната безбедност и национално тело кое ќе го надгледува спроведувањето на политиката за национална безбедност и ќе иницира дискусии по прашања во врска со безбедноста и одбраната на државата, со цел спроведување на националната безбедносна политика во согласност со одлуките на Парламентот. Постојани членови на Советот се премиерот (воедно претседавач со Советот), министерот за надворешни работи, министерот за правда, државните секретари на овие министерства, двајца пратеници од Парламентот (еден од партијата на власт и еден од опозицијата), генералниот директор на Исландската крајбрежна стража (ICG), Националниот полициски комесар и претставник од Исландската асоцијација за барање и спасување (ICE-SAR). Во негов состав, привремено може да бидат вклучени и други претставници, зависно од околностите или предметот кој се обработува. Министерствата во владата, институциите и јавните претпријатија се обврзани кон Советот да доставуваат извештаи и податоци во врска со националната безбедност, да водат сметка за следење на информациите поврзани со националната безбедносна политика, и да соработуваат со Советот, доколку тоа е потребно.

## Исландската крајбрежна стража

ICG е агенција, составена од тим од околу 250 членови, одговорна за операции за барање и спасување, поморска безбедност, безбедносен надзор и за спроведување на законот во исландските територијални води. Нејзините активности се базираат на собирање, анализа и дистрибуција на релевантни информации, во тесна соработка со соседните земји, со цел непречено следење на ситуацијата и примена на мерки кои се однесуваат на безбедноста на морската флота во територијалните води на Исланд.

Таа е одговорна за координација на сите операции за барање и спасување во рамките на исландската економска зона и Регионот за барање и спасување (област со површина од околу 1,9 милиони км2), исландска зона на одговорност, во согласност со одредбите од Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) и Меѓународната поморска организација (IMO). За планирање и следење на таквите операции е задолжен Здружениот координативен центар за спасување, а своите задачи ги извршува со бродови, со хеликоптери за спасување („Super Puma AS-332L1“) и со авиони за набљудување на морската површина.

Во рамките на безбедноста и одбраната на државата, ICG е одговорна за реализација на задачи во врска со одбраната на земјата, вклучувајќи го и своето учество во НАТО операции и ставајќи на располагање воздухопловна поддршка, системи за противвоздушна одбрана, радари и комуникациски и информациски капацитети. За сите сојузнички сили, ангажирани на територијата на државата, обезбедена е национална поддршка како земја домаќин.

Покрај наведените мисии кои ги извршува, ICG ги пронаоѓа и ги уништува опасните експлозивни направи и бомби, пронајдени на копно и на море. Во извршувањето на тие задачи употребуваат современи средства за таа намена и роботи.

Исланд и НАТО

Исланд е членка на НАТО од нејзиното основање во 1949 година. Сојузот со НАТО е еден од двата главни столба на безбедносната политика на Исланд. Со промената на безбедносната средина и трансформацијата на НАТО, големи промени претрпел и придонесот во Алијансата. Со исклучок на малубројната крајбрежна стража, Исланд нема воена сила. Во операциите на НАТО таа учествува уште и со финансиски средства и со цивилен персонал.

Во својот ангажман во рамките на Алијансата, Исланд, меѓу другото, ја потенцира улогата на НАТО во:



- разоружувањето, контролата на оружјето и спречување на негова пролиферација, вклучувајќи ги и нуклеарното оружје;
- заедничките вредности на Алијансата
- почитувањето на демократијата, владеењето на правото и човековите права;
- колективната одбрана и значењето на солидарноста, трансатлантската врска и сеопфатноста на безбедносните прашања;
- важната улога во спроведувањето на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност (за жените, мирот и безбедноста);
- отвореноста за сите европски земји кои ги делат вредностите на Алијансата.

Националниот систем за контрола на воздушниот простор и противвоздушна одбрана (IADS) е дел од НАТО интегрираниот систем за противвоздушна одбрана, и составен е од четири радарски локации и централизиран систем за контрола на воздушниот простор. IADS ги поддржува мисиите за надзор на воздушниот простор на воздухопловните сили на НАТО во Исланд, со цел обезбедување на суверенитетот на националниот воздушен простор.
Системот за противвоздушна одбрана на Исланд е дел од НАТО интегрираниот систем за противвоздушен и противракетен систем (NATINAMDS). Центарот за контрола и известување на НАТО (CRC) е поврзан со НАТО Центарот за комбинирани воздухопловни операции (CAOCs) во Германија и со таквите центри на соседните земји.
Во рамките на системот NATINAMDS се спроведува и контрола на небото (Air Policing) над Исланд. Земјата нема воено воздухопловство и безбедноста нанејзиниот воздушен простор е во надлежност на Врховната команда на сојузничките сили воЕвропа (SACEUR), а ја извршува CAOCs воГерманија.



## Билатерален договор со САД

Вториот главен столб на националната безбедносна политика е билатералниот договор со САД, потпишан во 1951г. кој се однесува на одбранбените прашања. Веднаш по повлекување на американските воени сили од Исланд, биле потпишани повеќе документи кои се однесувале на договорот. Овие документи вклучуваат и документ за заемно меѓусебно разбирање, со кое се воспоставува рамката за редовни безбедносни консултации помеѓу Исланд и САД, вклучувајќи периодични дебати на повисоко ниво и разговори на експертски нивоа, за воени прашања од безбедноста. Во тие рамки, двете држави одржуваат редовни консултации за политички, безбедносни и одбранбени прашања кои се однесуваат на двете земји, како и за меѓународни прашања од заеднички интерес.

## Соработка со нордиските земји

Во 2009 г. исландската надворешна политика ја дефинирала соработката со нордиските земји во областа на надворешната и безбедносната политика, наредните 10 до 15 години. Оваа политика планирала поблиска меѓусебна соработка во областа на миротворството, контролата на воздушниот простор (air-policing) и националните води, безбедноста, cyber-безбедноста и одбраната. Истата година бил потпишан Меморандум за разбирање за нордиска одбранбена соработка (NORDEFCO) со останатите четири нордиски држави. Ваквиот договор обезбедува важна основа за дијалог за безбедносната политика и воената соработка во регионот.
Во 2011г. била потпишана и Нордиската декларација за солидарност, истакнувајќи ја меѓусебната соработка во духот на солидарноста, со цел соочување со современите предизвици во областа на надворешната и безбедносната политика, вклучувајќи ги природните катастрофи и катастрофите предизвикани од човечки фактор, сајбер-нападите и терористичките напади.

М.С.



# Општинска организација на ОРОРСМ Демир Хисар

Во подножјето на Бигла, на 700 м надморска височина, во западниот дел на Република Северна Македонија се наоѓа Демир Хисар, каде што од 1952 година функционира Здружението на резервни офицери. За поцелосно да се запознаеме со активностите на Здружението, разговаравме со претседателот, резервниот поручник Васко Младеновски и со проф. д-р Менде Солунчевски, член на ИО на ОРОРСМ и претседател на ОО на СБ од НОАВМ.
Во изминатата 2019 година, во реализацијата на планираните содржини во едукацијата, обуката и негувањето на слободарските традиции, учествувале речиси сите резервни офицери и подофицери, но ова не е карактеристично само за 2019 година, туку за сите години наназад од неговото постоење, нагласува во разговорот проф. д-р Менде Солунчевски.На нашето прашање, на што се должат резултатите во работата, и двајцата соговорници имаа ист одговор. „Веројатно на повеќе фактори, меѓу кои значајно е да се потенцира дека во нашата ООЕ, уште од нејзиното основање, а посебно од создавањето на автономниот одбранбен систем, посебна грижа се води за изборот на активистите во раководставата, од базично до општинско ниво. Пред нашето непосредно ангажирање во раководството, Организацијата успешно ја водеа: Илија Пауновски (прв претседател), Иван Лозановски, Јован Малевски, Стеван Стојчевски, Пецо Пауновски, Живко Николовски и Николчо Трајковски“. Присуството на седниците е редовно. Не се памети неоправдано отсуство или одложување на седница заради немање на кворум. Соработката со другите субјекти во одбраната на општинско ниво е одлична. Гарнизонот на АРСМ во Кичево (Пешадиско-моторизираниот баталјон) ни ја обезбедува неопходната логистика за реализација на практичните содржини, какви што се: кондиционо-едукативните маршеви и гаѓања со пешадиско оружје. Ваква соработка оствaруваме и со Артилерискиот баталјон на АРСМ во Прилеп. Традиционално добра соработка во областа на негувањето на слободарските традиции се остварува со ОО на СБ од НОАВМ со кој раководи професорот Солунчевски. На сите  одбележувања на значајни годишнини и личности од минатото, покрај резервните офицери, учествуваат и претставници на Боречката организација.Нашите соговорници ја нагласуваат и соработката со Црвениот крст, планинарското друштво „Бигла” и со ликовната колонија „Изгрев”. Внимание заслужува и соработката со локалната самоуправа. Градоначалникот на општината (Марјанчо Стојановски) и претседателот на Советот, се редовно присутни на одбележувањето на сите значајни годишнини од историското минато на кои во програмата учествуваат и ученици од основните училишта.
Посебно е значајно историското минато на овој регион во илинденскиот период. Треба да се истакне Големиот бој, кој се смета за втора најголема борбена операција по завршувањето на Илинденското востание. Во периодот од 21 август до 30 септември 1903 година, по задушувањето на Крушевската република и повлекувањето на востаничките чети кон Демирхисарските Планини, на простор од 83 км2, во регионот на Бигла и Плаќенска Планина, функционирала демирхисарска слободна територија со 1000 вооружени востаници и 4300 месно население. Значајно е да се истакне дека Демирхисарскиот баталјон е прва воена единица на резервниот состав на АРСМ, која во 2001 година беше мобилизирана со највисок одѕив од 93 %, упатена на извршување на борбени задачи во Тетовскиот регион. Баталјонот, во состав од 609 офицери, подофицери и војници, изведе повеќе значајни операции, меѓу кои и операцијата „МХ“ на 25 март за ослободување на Тетовското Кале.

Живко Трајановски



# Силите на Обединетите Нации во Кипар
## United Nations Peacekeeping Force in Cyprus – UNFICYP (1964 - ?)

Островот Кипар од втората половина на 16 век бил под владеење на Отоманското Царство, но со таканаречената Кипарска конвенција од 1878 година помеѓу Турција и Велика Британија, Кипар потпаднал под британска администрација. Кипар е трет по големина остров во Медитеранот, сместен 70 км јужно од турскиот брег и 300 км источно од грчкиот архипелаг. За време на отоманското владеење на островот било доселено турско население, кое дотогаш етнички и културолошки припаѓало на хеленската цивилизација. Во почетокот на шеесеттите години од 19 век, на островот живееле околу само 700 илјади жители, од кои 80% биле Грци, а нешто помалку од 20% Турци. До 20 век односите помеѓу грчката и турската заедница на островот биле генерално добри.

**Независноста на Кипар**

Кипарските Грци, доаѓањето под британски суверенитет го доживеале како ослободување и од Лондон барале политичко обединување со матицата Грција, меѓутоа тоа не се случило. Фрустрациите на кипарските Грци со политичката

> Конфликтот помеѓу кипарските Грци и Турци се развил веднаш после деколонизацијата на островот во 1960 година. Обединетите народи овие конфликти ги прекинала со воспоставување на мисија во март 1964 година, која после проширувањето на мандатот постои и денес

позиција на островот кулминирале 1931 година со бран насилства насочени кон британската власт. Барањата за обединување со Грција во текот на Втората светска војна биле привремено ставени на страна, иако дури 30-тина илјади Кипрани биле ангажирани во британските воени касарни. По завршувањето на Втората светска војна, прашањето за статусот на Кипар било обновено, односно 1950-тите години, Грција пред ООН поттикнала дебата за Кипар. Но, Лондон сѐ уште не сакал да се повлече од островот кој претставувал командно место за британските сили на Блискиот Исток, а после повлекувањето од Египет, и најголема британска воена база во Источниот Медитеран. Истовремено, британската политика во владеењето со островот намерно започнала антагонизација на двете етнички заедници. За архиепископ на Кипарската православна црква, во 1950 година, бил избран Макариос III, кој незванично станал и лидер на грчката заедница на Кипар. Иако Макариос бил заговорник на обединување со Грција, сепак бил против радикални решенија. На почетокот на 1955 година, пензионираниот полковник на грчката војска, Georgios Grivas, формирал Национална организација на кипарските борци – ЕОКА. Пролетта истата година ЕОКА започнала кампања со напаѓање на британските гарнизони во кои загинале стотина британски војници, како и напади на британски ориентираните Кипрани, левичарите и турската заедница. Како противтежа на движењето ЕОКА, кипарските Турци во 1957 година основале Турска организација на отпорот – ТМТ, која се залагала за

поделба на островот, сметајќи дека тоа е единствен успешен начин за заштита на турското малцинство.
Нови разговори за иднината на Кипар започнале во февруари 1958 година, на кои исто така со присуство на претставници од двете заедниици на островот и Велика Британија учествувале и претставници од Грција и од Турција. Преговорите вродиле со донесување на три договори со кои било договорено независноста на Кипар и политичкото устројство на идната држава. Според одредбите на Циришкиот договор, турското малцинство на островот ги добило бараните гаранции за да не дојде до обединување на Кипар со Грција. Договорот предвидувал и заедничка акција на Грција, Турција и Велика Британија во случај на немири на островот, односно формирање на трипартитна воена команда. Истовремено, на Грција и на Турција им било дозволено распоредување на одреден број на воен персонал заради заштита на островот, додека британското воено присуство е задржано во двете воздухопловни бази, Dekhelia и Akrotiri. Според етничкиот клуч за распределба на власта со Циришкиот договор, Макариос III станал претседател, а лидерот на кипарските Турци, Fazil Kuchuk, потпретседател на Кипар. За да се обезбеди политичка рамнотежа, на двете заедници им е дадена можност за вложување вето на одлуките на спротивните страни. Треба да се напомене дека кипарскиот конфликт не може да се гледа издвоено од односите помеѓу Грција и Турција, кои од независноста на Грција 1821 година војувале четири пати.

## Почеток на насилствата

Република Кипар својата независност ја стекнала на 16 август 1960 година. Меѓутоа, до вооружени инциденти помеѓу турската и грчката заедница дошло веќе во декември истата година, кога се убиени 50-тина луѓе. Ширењето на судирите го спречила британската војска која ги раздвоила двете страни. Неколку политички решенија околу решавањето на локалните самоправи во практика се покажале како несоодветни па заради можноста за маргинализација на турското малцинство одбивала начелно пропорционалната застапеност што се надоврзало на ширењето на напнатоста помеѓу двете заедници. Макариос, во ноември 1963 година, предложил неколку мерки со кои требало да се обезбеди успешно функционирање на владата, вклучувајќи ги контраверзните одлуки за директно именување на членовите во телата на локалната самоуправа и укинување на правото на вето кое дотогаш го имала турската заедница. Одлуката е срушен постоечкиот состав за поделба на власта и довела до повлекување на турските политички претставници од кипарската влада и во декември 1963 година избил нов бран на насилства. Настојувајќи да го запре ширењето на судирите, на 4 март 1964 година, Советот за безбедност на ООН ја донел Резолуцијата 186 со која се воспоставува мисија на мировните сили на Обединетите нации на Кипар (United Nations Peacekeeping Force in Cyprus – UNFICYP). Задачата на мисијата била превенција од обновување на судирите помеѓу кипарските Грци и Турци односно помош во обновата на правниот поредок на островот. Мисијата UNFICYP својата потполна оперативност ја постигнала на 27 март, односно на Кипар бил разместен контингент со јачина од 600 војници со команда во главниот град Никозија. Во наредните пет и половина децении, во мисијата со свои војници учествувале многу земји: Аргентина, Австрија, Бразил, Канада, Чиле, Хрватска, Унгарија, Парагвај, Србија, Словачка, и Велика Британија. Треба да се спомне дека мисијата UNFICYP има и полициска компонента која ја сочинуваат полицајци од: Австрија, Босна и херцеговина, Црна Гора, Ел Салвадор, Хрватска. Индија, Ирска, Италија, Холандија и Украина.

*(продолжува во наредниот број)*

м-р Сиемон Митрев





# Следната воена доктрина

Војната не е независен феномен. Секоја војна треба да се разгледува во контекст на моменталните политички, економски, културни, социолошки, технолошки и други состојби во кои настанува. Во обидот да се предвиди како ќе изгледа следната војна, често се заборава дека постојат премногу варијабли кои ги обликуваат војната и војувањето, а кои не може да се предвидат. Исто така, се заборава дека секоја општествена појава, за навистина да се оцени, треба да се разгледа дури откако ќе го помине тестот на времето. Ниту може во целост да се сфати што се случува, ниту пак како тоа ќе влијае во иднина од моменталната гледна точка, бидејќи иднината сè уште не се случила. Експертите прават избрзани заклучоци кога одреден тренд или некоја нова

Воената доктрина е жива материја и секогаш кога ќе се најде решение за некој стар проблем, ќе се појави нова состојба за која моменталната доктрина не може во целост да одговори. Факторот изненадување сите го признаваат и го очекуваат како таков, но е невозможно да се предвиди како точно ќе изгледа тоа изненадување и дали ќе биде ситуациско или фундаментално

појава во војувањето ја третираат како знак за револуционерна промена и почеток на „нова ера“. Има многу примери на ќор-сокак во воената доктрина, кога првично се чинело како да ќе поттикнат нешто ново, за подоцна да се покаже како несоодветно решение или варијација на нешто што веќе постои. Од 17 век наваму, револуционерните промени во војувањето настанувале еднаш до два пати на секои сто години. И секоја од нив покажала дека промените во начинот на војување не се должело толку на реформите во војските, колку на промените во политиката, општеството и стратегискиот контекст на државите во одреден временски период.

Воената доктрина е жива материја и секогаш кога ќе се најде решение за некој стар проблем, ќе се појави нова состојба за која моменталната доктрина не може во целост да одговори. Факторот изненадување сите го признаваат и го очекуваат





Стратегиските одлуки кои се однесуваат на одбранбената сфера не се под влијание само на воените искуства, туку и на многу други фактори. Многу експерименти во војската, почнувајќи од шарата на униформата, начинот на комуникација, видот на борбени и неборбени возила, калибарот на вооружување и друго, се вршат врз основа на претходни искуства, кои не значи дека ќе се повторат

како таков, но е невозможно да се предвиди како точно ќе изгледа тоа изненадување и дали ќе биде ситуациско или фундаментално. Иако секогаш се правеле обиди да се предвиди како ќе изгледа следната војна, до сега нема пример дека некој во целост успеал во тоа. Секоја методологија за планирање на одбраната и предвидување на идната војна е нецелосно. Ова се должи на фактот што секојобид да се замисли иднината се прави врз искуствата од минатото. Но иднината допрва ќе следи и треба да се прифати дека никој не може точно да ја предвиди. Единствено што останува непроменето е природата на војната. Во било која форма да постои, силата секогаш ќе биде пресудна за да се наметне волјата врз противникот.
Постои златно правило дека секогаш кога ќе се појави некое ново оружје, опрема или тактика на бојното поле, потребно е подолго време и практична примена во вистинска војна за да се согледаат ефектите и последиците. Брзо донесување на заклучоци дали некоја промена е позитивна или негативна се покажало како погрешно во однос на тоа дали повеќе актери имале или немале корист од тоа. Стратегиските одлуки кои се однесуваат на одбранбената сфера не се под влијание само на воените искуства, туку и на многу други фактори. Многу експерименти во војската, почнувајќи од шарата на униформата, начинот на комуникација, видот на борбени и неборбени возила, калибарот на вооружување и друго, се вршат врз основа на претходни искуства, кои не значи дека ќе се повторат.
Најчеста предрасуда кај стратегиските планери е развивање на воени решенија за проблеми кои тие би сакале да ги надминат, а не проблеми кои противникот ќе сака да ги наметне. Многу е тешко да се гледаат заканите и ризиците низ очите на противникот, но токму таквиот начин на размислување е потребен за да се произведат вистинските решенија за идната воена доктрина. Според Клаузевиц, војната е дуел во кој противникот ќе направи сè за да победи. Противниците не чекаат војна за да ја тестираат силата, туку уште во мир наметнуваат перцепции за тоа кои промени во војувањето може да бидат корисни во иднина. Целта на оваа стратегиска измама е да се навлече противникот да носи погрешни одлуки при развивање на одбраната т.е. да се подготвува за погрешен вид на војна. Ова е директен удар врз економијата на државата бидејќи се трошат ресурси за градење на капацитети и способности кои малку веројатно е да бидат корисни.
Денес современите војски ја препознаваат технологијата како пресудна за победа. Примерот од интервенцијата во Авганистан од 2001 година наваму го говори спротивното. Уште Клаузевиц заклучил дека малку појави во војна се последица на новите оружја и тактики, а многу повеќе се последица на општествените промени и новите услови кои настануваат во државите.Технологијата не ја менува директно војната, туку индиректно. Тенкот и авионот не го изменија начинот на војување колку одлуката да се направи масовна мобилизација и индустриите на државите целосно да се стават во служба на војната. Бидејќи



Денес современите војски ја препознаваат технологијата како пресудна за победа. Примерот од интервенцијата во Авганистан од 2001 година наваму го говори спротивното. Уште Клаузевиц заклучил дека малку појави во војна се последица на новите оружја и тактики, а многу повеќе се последица на општествените промени и новите услови кои настануваат во државите. Технологијата не ја менува директно војната, туку индиректно

војната е инструмент на политиката, целта на војувањето не треба да биде победа, туку обезбедување на долготраен мир. Војната е многу повеќе од самото војување.
Не треба да се исклучи ставот со кој многу се сложуваат дека војната е исто така и бизнис во кој се вклучени интересите на суверени индивидуи кои имаат моќ да влијаат врз владејачките елити. Државните политики повеќе не се ниту имуни ниту независни од големите приватни индустрии.
Во богатите држави, со големи воени буџети, воената стратегија сè почесто се базира на ценкање меѓу спротивставени актери заради одржување на економските интереси. Исто така, во големите држави постои и воена елита која има цел да ги задржи позициите на моќ и да ја наметне нејзина неопходност, дури и кога таа не постои. Ваквото однесување на некои воени структури дополнително ја наметнува тезата дека војната е бизнис, чија цел е сама за себе.
Секое искуство од кое било војување е оценка за состојбата и подготвеноста на вооружените сили на државата. Меѓутоа, тоа е само искуство од одреден противник во одредено време. Без оглед дали се позитивни или негативни искуствата, тие биле релевантни тогаш и не значи дека ќе бидат релевантни во следната војна. Ова е тешко да се прифати, но е вистина и тоа дека дваесеттиот век изобилува со примери за неочекувани изненадувања. Во двете светски војни завојуваните страни биле несоодветно подготвени и во текот на војувањето се обидувале да ја коригираат доктрината. Сепак, современите воени теоретичари претпоставуваат дека војските неизбежно ќе го сменат начинот на војување поради приспособување на новите технолошки изуми и оружја. Факт е дека секоја војска која има пристап до најновите достигнувања ќе ги примени и ќе ги приспособи



во доктрината за да извлече максимум од нивниот потенцијал. Но, практиката покажала дека ниедна војска во ниеден временски период целосно се нема приспособено на новите промени и технологии. Додека тоа го стори, војната завршува и следуваат нови промени и нови војни. Всушност, воената доктрина се приспособува на тоа како новите технологии би се справиле со претходните искуства, со надеж дека во следната војна би можела да бидат поефикасно употребена.



Сите трендови имаат рок на траење. За оние кои се инволвирани во развојот на воената доктрина не е доволно само да се уочат трендовите, туку да се сфатат нивните долгорочни последици. Иако целта на војната е постигнување на мир, не треба да се заборави дека војната како појава нема да исчезне уште долго време. Не треба да се создава лажна слика дека војните наскоро ќе завршат или се некаде далеку. Војната не е нерационално насилство, бидејќи секогаш постои длабок мотив

Развојот на технологијата ги обликува економиите и политичките системи на државите, како и културата и општествените односи внатре. Ова важи за сите држави во светот, бидејќи прифаќањето на новиот начини на живот е неизбежно. Но, кога се зборува за војската и за војувањето, сепак има голема разлика меѓу малите и големите воени буџети. Оние војски, чии држави можат да им овозможат да бидат во тек со најновите технолошки достигнувања, ќе ја развиваат воената доктрина врз основа на новите достигнувања. Но, војските со помали капацитети, кои не може да бидат во тек со најновата генерација на оружје и опрема, или нема да може да ја одржуваат во доволен број, ќе мора да одлучат во што е најсоодветно да се инвестира. Нереалните амбиции, не само што ќе ја фрустрираат војската, туку ќе направат таа да се доведе во заблуда околу начинот на кој ќе војува во следната војна.

Сите трендови имаат рок на траење. За оние кои се инволвирани во развојот на воената доктрина не е доволно само да се уочат трендовите, туку да се сфатат нивните долгорочни последици. Иако целта на војната е постигнување на мир, не треба да се заборави дека војната како појава нема да исчезне уште долго време. Не треба да се создава лажна слика дека војните наскоро ќе завршат или се некаде далеку. Војната не е нерационално насилство, бидејќи секогаш постои длабок мотив. Во западните општества, кои имаат повеќе децениски мир, се појави тренд да се заборави војната како нешто што припаѓа во минатото. Поради фактот што современите војски сѐ повеќе се професионални, обичниот човек во западните демократии не ја чувствува директно војната. Претставата за војната прикажана на медиумите која се случува некаде далеку во трети држави, создава слика дека војната е стара, нецивилизирана и неприфатлива појава. Се оди дотаму што на војувањето се гледа како на примитивен начин за решавање на конфликти меѓу луѓето. Меѓутоа, глобалниот тероризам ја смени оваа перцепција и ги потсети слободните луѓе дека слободата не е бесплатна. Насилството е во природата на човекот и уште долго време ќе биде негов двигател. Подготовката за војна е нужна инвестиција во ресурси и во време.

Досега се идентификувани пет големи реформи во воени работи од 17 век до денес. Тие започнаа со појавата на професионални војски и дисциплинирање на воената моќ да ѝ служи на државата.

Во периодот по Француската револуција во 19 век следуваше нова промена во војувањето поради појавата на масовни мобилизации и поврзување на војната и политиката. Во истиот век, Индустриската револуција овозможи снабдување и мобилност на огромни воени формации. Тоа ја овозможи четвртата реформа во воените работи и масовно производство на нови технологии и оружја кои во двете светски војни предизвикаа околу 120 милиони жртви.

Последната голема реформа е појавата на нуклеарното оружје.

Но, на повидок е нова реформа. Појавата на глобалниот тероризам и враќањето на рамнотежата на сили во светот најверојатно ќе води повторно кон масовни мобилизации.

Професионалните војски нема да можат самите да го поднесат напорот на војувањето и ќе станат прескапи за одржување. Иако главниот аргумент е дека тие се поефикасни, таа ефикасност ќе чини премногу доколку следната војна трае долго. На крајот, квантитетот има свој квалитет. Историски гледано, војските формирани со мобилизација на граѓаните победувале. Но, дали е тоа решавање на идните проблеми врз основа на стари искуства?

Секоја држава ќе ја развива својата доктрина од сопствените искуства и во согласност со своите можности. Вештината е во предвидувањето како тоа ќе ја подготви војската за иднина која не може да се предвиди. Ова е комплексна равенка со многу варијабли, а крајниот резултат ќе се движи некаде во границите на две крајности, помеѓу несоодветно подготвена војска и подготвена војска која нема да ја оправда цената. Ова секогаш ќе биде поголем проблем за државите со помал буџет.

Ѓорѓи Вељовски



# Хибридните закани – причина за промени

Постојат сугестии дека нациите имаат два основни избори во дизајнирањето на одбранбените рамки. Еден избор е да бидат слични и да одговараат на силите на противникот. Ова го правеле САД и СССР за време на Студената војна. Вториот избор е да се инвестира во онеспособување на капацитетите или да се нарушат и да се намалат предностите на ривалот. Последните настани покажуваат дека државните и недржавните противници веќе одбрале да ја онеспособат конвенционалната супериорност на западните земји и на НАТО.

По десетгодишните операции во Ирак и во Авганистан, НАТО и западните армии почнаа да ги рефокусираат своите одбранбени капацитети назад кон своите национални територии

Последично се поставува прашањето како земјите да се приспособат на новонастанатата состојба, дали да ги реформираат своите армии според стратегиите на опонентите или да се придржуваат кон постоечките конвенционални пристапи.
Постојат неколку фундаментални предизвици и дилеми кои се појавуваат директно од новиот вид на војување. Прво, безбедносните закани и опкружувањето се драматично сменети од биполарен и балансиран нуклеарен и конвенционален ривалитет во сложена форма на насилство и закани кон регионалниот и глобалниот

мир. Покрај констатацијата дека се свесни за новонастанатата состојба, стратегиските приоди, воените доктрини и одбранбените организации се уште се базираат врз доктрината на Студената војна. Второ, повеќето држави заради намалувањето на буџетите за одбрана се наоѓаат со години и децении зад местото каде што би биле доколку настојувале да ги одржуваат своите воени структури и опрема. Возилата и вооружените системи во најголем дел се стари и во лоша состојба, се намалуваат количините на резервните делови и ресурсите и заради секојдневната оперативна потреба магацините стануваат празни, а времето

Справувањето со хибридни закани НАТО го отсликува со зголемување на трошоците на државите до висина од 2 проценти од БДП и усвојување на Акциски план за подготвеност. Усвоено е и формирањето на Здружени сили со многу висока подготвеност, составени од копнена компонента со соодветни воздушни, поморски и сили за специјални операции



поминато во обука значително се намалува. Уште поважно, заради недостатокот на финансиски средства државите не можат да бидат во чекор со моменталните военотехнолошки истражувања. Цената на модерните системи е толку висока што само неколку многу богати држави ќе можат да си дозволат нова опрема во иднина. Трето, високите воени лидери на малите држави не поседуваат знаења и искуство во командување со големи воени формации кои се потребни за време на модерните кризи. Оваа дилема произлегува од три причини: бројот на клучните лидерски позиции во операциите кои се во тек е ограничен и им се доделува на САД, Канада, О.К., Грција и Германија, сценаријата на националните и НАТО вежбите уште се фокусирани на конвенционални дејства, и вежбите на големи воени единици се многу скапи, па се одржуваат ретко. Сето ова заедно придонесува за несоодветните прилики за добивање на искуство кај високите офицери во малите држави.

Четврто, западните земји имаат погрешна интерпретација за „новиот“ хибриден приод на конфликтот. Најчесто хибридното војување се дефинира како истовремена употреба на конвенционални и на неконвенционални методи, со вкучување на нерегуларни сили, поддржани од економски, политички и информациски механизми.
Во реалноста се случува токму спротивното. Руските воени сили дејствуваат како поддршка на сите други елементи на националната моќ. Русија не ги следи повеќе западните гледишта туку кинескиот концепт за „неограничено војување“ во светот на „тотална војна“ каде што се е прифатливо. Според хибридната доктрина на Герасимов, невоените методи треба да заземаат две третини од националните офанзивни дејства и само една третина од воените методи.
Во оваа доктрина се наведува дека правилата на војната се значително сменети. Употребата на невоени средства и методи за постигнување на политички и стратегиски цели се докажала како поефективна од употребата на воени сили. Русија е свесна дека не е способна физички да ја окупира територијата на Европа и нема потреба да го прави тоа. Со примена на алтернативни начини таа може да ги обезбеди и да ги постигне своите долгорочни стратешки политички цели. Според одредени аналитичари Русија користи стар боксерски трик. Држење на став за употреба на десната рака, односно развој на конвенционална армија, ненадејни воени вежби, нарушување на воздушен простор, со што го привлекува вниманието на опонентот и го убедува дека ударот ќе дојде од таму. Вистинска опасност претставува игнорираната и несфатената лева рака, односно невоените средства и методи и други елементи на државната моќ. Други експерти тврдат дека Русија го храни западното посакувано размислување за тоа како се водат војните и ги држи воените лидери во нивната комфорна зона. НАТО стравува дека руските воени единици ќе навлезат и ќе освојат одредена територија на Европа. Русија посакува НАТО да верува во тоа, затоа што додека Алијансата го смени фокусот кон тоа што навистина прави Русија, таа може да ги чува своите вистински „сили“ скриени и ефективни.
Справувањето со хибридни закани НАТО го отсликува со зголемување на трошоците на државите до висина од 2 проценти од БДП и усвојување на акциски план за подготвеност. Усвоено е и формирањето на здружени сили со многу висока подготвеност, составени од копнена компонента со соодветни воздушни сили, поморски сили и сили за специјални операции. Овие мерки и иницијативи претставуваат одредено приспособување, но не ја препознаваат природата на заканата и се потпираат врз постоечки одбранбени структури поставени врз традиционалното западно разбирање на војувањето - страв од физичка окупација. За ефективно справување со заканите треба да се земе предвид дека тоа што функционирало во минатото нема да функционира денес и утре. Нациите треба да бидат поготвени за промена, да отпочнат со напуштање на конвенционалните пристапи и да ја преиспитаат дефиницијата за основата на конфликтот. И Карл вон Клаузевиц истакнал дека војната е камелеон, и таа ќе ги смени своите аспекти во секое свое појавување. Пред четириесет години аналитичарите тврделе дека во



Во оваа доктрина се наведува дека правилата на војната значително се сменети. Употребата на невоени средства и методи за постигнување на политички и стратегиски цели се докажала како поефективна од употребата на воени сили. Русија е свесна дека не е способна физички да ја окупира територијата на Европа и нема потреба да го прави тоа

компететивната меѓународна арена на Студената војна државите се социјализирале со слични стратегии. Судбината на државата зависела од нејзините реакции кон тоа што прават другите држави. Веројатноста дека конфликтот ќе се изврши со сила водела кон натпревар во умешноста за војување и поседувањето на инструментите на сила. Натпреварот створил тенденција кон сличности со опонентите. Се заклучило дека нациите имаат два основни избори при дизајнирањето на своите одбранбени рамки: да ја приспособат и да ја имитираат својата стратегија со стратегиите на можните идни непријатели или да развијат капацитети и способности за контрабаланс. Со поврзување на двете предложени стратегии, националните лидери имаат силна реална стартна позиција од која ќе црпат оправдување за напуштањето на конвенционалната стратегија и соодветноста во справувањето со хибридниот приод на непријателот. Денес се остварува тврдењето дека сѐ повеќе се зголемуваат државните мотиви за користење на нетрадиционални модели на војување. Нациите ќе треба да го земат предвид воведувањето на неограничена или тотална војна во своите одбранбени стратегии и да го прифатат фактот дека повеќе не постои линија помеѓу војната и мирот. Владите ќе треба да заборават на безначајните идеи за „паметна“ одбрана и сеопфатен приод и да пронајдат одржлив пристап насочен кон иднината. Светот ќе треба да посведочи за фундаментална промена од постоечките конвенционално фокусирани одбранбени пристапи кон многу повеќе неконвенционални стратегии. Тоа не значи едноставно „шминкање“ на површината на доктрините и на воената машинерија од Втората светска војна со воведување на специјализирани единици и високотехнолошка опрема, туку би требало да содржи тотална реконструкција на се што значи западно разбирање на националната одбрана. Оваа потреба е потврдена и опишана од еден американски генерал кој вели дека денес армиите оперираат без концепт за војна и очајнички бараат обединувачка теорија за конфликтот која ќе служи за организирање и развој на воени доктрини и тактики, истражување, обука и едукација, развој на лидери, вооружување и персонален менаџмент, на таков начин што ќе го сменат влијанието на структурите од Студената војна, што се уште е насекаде присутно.

И покрај тоа што во некои држави постојат одредени промени, досега тие се карактеризираат како внимателно чекорење кое не прави ништо во напуштањето на историските воени традиции кои се стари стотици години. Револуцијата во стратегиското размислување треба да започне моментално. За успешно справување со хибридни закани и бунтовнички организации, државите мора да бараат решенија на границите на стратегиското размислување наместо да ги следат идеите кои потекнуваат од конвенционалниот приод.

Во 1991 година аналитичарите сугерираат дека, како што било случај со фалангите и тешката коњаница,



нивните доктрини и формации во изминатите векови, денешните видови, родови, формации, системи за обука и унапредувања, исто така ќе ги снема. Војните од мал размер ќе ги принудат регуларните воени сили за ја променат својата форма, бројно да се намалат, да овенат, и во случај на долготрајно војување, да наликуваат на вооружени банди. Со текот на времето, униформите веројатно ќе бидат препознатливи и видливи само по ознаките, обележувачки платна на ракавите и слично.

Новите одбранбени состави нема да бројат армии како што гледаме денес. Новите формации би требало да бидат создадени во согласнот со заканата со која треба да се соочат но, исто така, и во согласност со расположивите ресурси. Различни формации би требало да се градат врз основа на организациските карактеристики на армијата, полицијата и тајните служби, но со инкорпорирање на корисните елементи на терористичките групи и бунтовничките организации. Така, идните безбедносни формации би требало да имаат специјализирани вештини како што се медицинари, хакери, новинари и работа во медиуми. Новите елементи треба да користат тотално неочекувани техники, тактики, и процедури, како што се изненадувачки истовремен напад од сите страни за да се справат со конвенционалниот и неконвенционалниот непријател.

Кога ќе дојде време заинтересираните да бараат постоечка рамка врз која ќе почнат да градат вакви елементи, на прво место тоа би биле силите за специјални операции. Тие имаат уникатни карактеристики како флексибилност, нетрадиционално размислување и способност да се приспособат на новонастанатите состојби, со што би претставувале примарна движечка сила за имплементација на фундаменталните промени во воената организациска структура и националната безбедносна стратегија. Овие сили би требало да ја препознаат потребата од промена и, наместо да ја блокираат револуцијата, да ја поддржат колку што можат повеќе. Бидејќи новиот приод веројатно ќе биде причина за исчезнувањето на видовите и родовите, ќе има големи промени и кај силите за специјални операции. Како резултат на ова ќе се создаде поодржлива и порелевантна одбранбена способност од таа што ја поседуваат повеќето држави денес.



Со новите стратегии и новите формации, државите треба да се ориентираат повеќе кон потребната и вистинската технологија отколку кон високата технологија. Денешните најсофистицирани и најмоќни оружја, како што се борбените авиони и тенкови, не само што се ирелевантни во моменталната оперативна средина, туку се недостапни поради високата цена. Државите треба да заборават на идејата за водењето борба која е соодветна за оружјето кое го поседуваат и да почнат да градат оружје коешто е соодветно за војната. Потребно е да се смени процесот со кој револуцијата во технологијата на вооружувањето и претходи на револуцијата во воените односи. Државите треба да признаат дека не можат да си дозволат набавка и одржување на најмодерно вооружување но, исто така, треба да сфатат дека нема потреба да го прават тоа. Наместо да се обидуваат да се натпреваруваат со вооружување „тенк против тенк“, државите треба да се фокусираат на технологии кои ги елиминираат предностите на модерните системи или ги прават истите ирелевантни.

Атанас Паноски






# За чиста и здрава средина

Чиста и здрава животна средина е круцијален фактор за квалитетот на живот кој го водиме. Нашите секојдневни навики и начин на живот станаа рефлексија на прекумерното консумирање на производи и создавање на големи количини на отпад. Водени од начелото за заштита на животната средина, Министерството за одбрана и Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување „Пакомак“ од Скопје, оствариja соработка за имплементација на селекција и собирање на отпадот од хартија и пластика заради рециклирање на истиот. Компанијата „Пакомак“ донираше контејнери, картонски кутии и пластични кеси кои се поставени во објектите на Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, за собирање на отпад од хартија и пластика, кои понатаму ќе се рециклираат. „Пакомак“ посредува меѓу загадувачите и фирмите за рециклирање во Македонија и е прва компанија која по донесувањето на Законот за рециклирање на отпад од пакување во 2011 година ја доби дозволата за постапување со отпад од пакување. Овој закон е во согласност со европските закони и истиот овозможува поголема заштита на животната средина



од најразновиден, тешко разградлив отпад, а воедно и поголем економски бенифит и заштеда на електрична енергија.

Несоодветното третирање на отпадот предизвикува големи проблеми со загадувањето и кај нас и насекаде низ светот. Природата има лимитиран број на ресурси кои ние прекумерно ги користиме. Преку небрежноста кон околината и со отпадот кој го создаваме предизвикуваме негативни ефекти кои ги попречуваат природните процеси и ги загадуваат воздухот, почвата и водите, кои се главни извори на живот. Основното начело на управувањето со отпад содржи три „р“, односно редуцирање, реупотреба и рециклирање. Рециклирањето е важна компонента на современот систем за намалување на отпадот и претставува преработка на користените материјали за добивање нови производи. Со рециклирањето се спречува губењето на материјалите, намалувањето на потрошувачката на нови суровини, се намалува користењето на енергијата, се намалува загадувањето на воздухот и на водата.

Речиси половина од отпадот што го создаваме може да се рециклира.

Знакот за рециклирање има три стрелки кои ги означуваат трите фази: собирање, преработка и повторна употреба.

Човекот е единствено суштество кое креира отпад. Во природата ништо не претставува отпад, бидејќи секој материјал има своја функција.

Со реализацијата на овој проект, вработените во Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата, и на овој начин ќе дадат придонес кон заштитата на животната средина.

м-р Елизабета Ташковска

– *Еден тон рециклирана хартија спасува 17 дрвја.*

– *Еден тон рециклирана пластика заштедува 900 литри нафта.*

– *Со рециклирање на 6500 листови за печатење се спасува 1 дрво.*




# Марија Нонча Камишова, девојката со голема храброст

Во близина на Велес, во дворот на поранешната текстилна индустрија „Нонча Камишова“, која со години со гордост го носеше нејзиното име, а и сега сè уште му пркоси на времето и на невремето, на дожд, на снег и на сонце, стои белата биста на храбрата девојка Марија, попозната како Нонча Камишова. Таа, во цутот на својата младост, на само 18 години, со своите другари, со голема храброст и издржливост тргна во една тешка и напорна битка со нерамноправниот непријател, положувајќи го својот млад живот. Таа, свесно и достоинствено загина за подобра иднина на својата сакана татковина.

Марија Камишова, со партизанското име Нонча, била родена во 1924 година во Велес, во сиромашно повеќечлено семејство. По завршување на основното образование Марија работела како полски работник. По шеснаесеттата година од својот живот се определува кон напредното младинско движење. Присуствувала во разни читачки групи и повечеринки каде се запознавала со напредното движење. Во 1939 година Нонча била примена за член на СКОЈ,а во септември 1941 година, со формирањето на помошно тело при МК на СКОЈ, Нонча станала член на ова тело. Со окупацијата на земјата таа се определила за линијата на вооружена борба против окупаторот. Неуморно работела на собирањето на разни материјали за потребите на движењето, посебно во подготовките за исфрлање на одредот „ Димитар Влахов“. Како резултат на сета оваа активност, во март 1942 година станала член на Месниот комитет на СКОЈ.

Како член на Месниот комитет на СКОЈ, Нонча активно учествувала во организирањето и изведувањето на демонстрациите на жените во Велес на 11 мај 1942 година. Со оваа активност таа продолжила и во текот на летото 1942 година, а веќе во септември истата година, во раководството на Месниот комитет на КПЈ влегла и Нонча. Во текот на септември 1942 година, бугарската полиција постојано трагала по Нонча со намера да ја уапси. За да не падне во рацете на полицијата, Нонча Камишова, кон крајот на септември 1942 година, со Коле Цветков-Балас заминала во партизанскиот одред „Димитар Влахов“. Марија Камишова Нонча станала борец на првата чета на одредот „Димитар Влахов“и учествувала на сите борбени акции што ги изведувала четата на која и припаѓала, при што покажала извонредна храброст и издржливост.Кон средината на декември 1942 година, Нонча, со група борци од првата чета заминала за Куманово, со задача да се префрли на теренот на Скопска Црна Гора. По неуспешниот обид за извршување на оваа задача, група од седум борци во јануари 1943 година, меѓу кои била и Нонча Камишова, се вратиле на велешкиот терен. Тие се сокриле прво во месноста Дурутовец во близината на Велес ,а потоа во една колиба во месноста Речани во непосредна близина на Велес. Тие биле предадени и опколени од бугарската војска и полиција, кои им викале да се предадат, но тие храбро свиреле на хармоника,пукале и викале: Ќе се предадеме ако ни донесете пајтон од Велес. Во таа нерамна борба со бугарската војска и полиција во месноста Речани кај Велес на 6 јануари 1943 година во која им биле фрлени седум-осум бомби, загинале петмина борци на оваа чета, меѓу кои била и младата 18-годишна Нонча Камишова. Со неа загинале и борците Киро Ќучук,Стојан Бурчевски-Буридан,Јордан Јорданов и Киро Неделков. Во нивна чест и во спомен на нивната жртва за слобода на татковината, во месноста Речани кај Управната зграда на поранешниот АК „Лозар“ е подигнат бел споменик, кој потсетува на нивните прерано положени млади животи за слободата на својата сакана татковина, сведоштво за сегашните и идни генерации.

Антоанела Димитриевска

# АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Одговорно и професионално во борба со пандемијата

Припадниците на Армијата уште од почетокот на воведувањето на вонредната состојба најодговорно и професионално ги извршуваат доделените задачи за поддршка на институциите и на граѓаните. Во согласност со одлуката на врховниот командант и наредбата на началникот на Генералштабот, припадниците на Армијата на Република Северна Македонија продолжуваат со извршување на задачите според донесените одлуки на Кризниот штаб на Владата во однос на обезбедување на државната граница, обезбедување на објекти од витално значење за Републиката, обезбедување на објектите одредени за државен карантин, контролирање на влезно-излезни контролни пунктови и секаде каде што за тоа ќе се укаже потреба. Исто така, на барање на укажаните потреби на единиците на локалната самоуправа, органите на државната управа или на други државни институции на Република Северна Македонија, Армијата, во координација со кризните штабови, формира и ангажира сили за поддршка со цел спречување на ширење на епидемијата и укажување помош на граѓаните.

За ангажирањето и вложување во извршувањето на доделените задачи и задолженија на Армијата, благодарност и поддршка искажа началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, кој изврши обиколка и ги посети припадниците на единиците кои се ангажирани на јужната граница, на обезбедување на објектите одредени за карантинско сместување на Попова Шапка и во главниот град, како и објектите од посебно значење. Генералот Ѓурчиновски, покрај благодарноста за залагањето и совесното извршување на задачите, на припадниците на Армијата им порача дека со покажаната посветеност се покажува патриотската должност како припадници на Армијата во вакви тешки моменти да се даде максимумот и со лични примери и залагање да им овозможиме на здравствените работници и на полицијата да го спречат ширењето на пандемиската вирусна инфекција и да се стави под контрола, бидејќи овој вирус претставува закана за татковината и за граѓаните.










# Руски контејнерски ракетен систем „Клуб-К“

Контејнерскиот ракетен систем „Клуб-К“ е развиен од рускиот концерн „Моринформсистема-Агат“ во периодот од 2009 до 2011 година, а првите практични тестирања се изведени во 2012 година. При развојот се водело сметка неговите одлики да бидат голема мобилност, тешка уочливост (прикриеност) и релативно мала цена на оперативна употреба. Мобилноста на системот се истакнува со можноста да биде превезуван со брод, камион, железница или транспортен авион, а борбено да дејствува од брод, железнички вагон и од камион. Прикриеноста ја добива благодарение на неговото инсталирање во класичен ISO транспортен контејнер (модифициран според потребите), кој единствено може да се детектира кога ќе биде во позиција за лансирање на ракетите. Во зависност од намената на контејнерот и моделот на ракетите кои ќе ги користи, за него се користат универзални контејнери со должина од 20 или 40 фити. Односно, контејнерот од 20 фити поседува внатрешна должина од 5905 mm и корисен простор од 33.3 $m^3$ до 38.5$m^3$ (во зависност од неговата височина), додека контејнерот од 40 фити поседува внатрешна должина од 12.045 mm и корисен простор од 67.5 $m^3$. Намената на овој систем е борбено дејство врз воени површински пловила (од различна класа и модели) и дејство по воени или стратегиски копнени или крајбрежни цели. За дејство по пловила ги користи противбродските ракети 3М-54КЕ, 3М-54КЕ1 и Х-35УЕ, додека за дејство по копнени цели може да ги користи ракетите 3М-14Е и Х-35УЕ. Универзалниот лансирен контејнер „Клуб-К“, е потполно автономен, а во неговата стандарна конфигурација се вклучени следните елементи:

- носач за ракети составен од 4 лансирни контејнери, кој во зависност од типот на ракетата може да се постави во вертикална позиција за лансирање (за ракетите 3М-54КЕ, 3М-54КЕ1 и 3М-14Е) или под агол од 30° (за ракетите Х-35УЕ);
- генератор за струја, систем за одржување во живот и автоматски противпожарен систем;
- систем за контрола на огнот ;
- систем за борбено менаџирање, комуникација и навигација (Систем ГАЛС-Д2М-4).

За поголема автономност и ефикасност на борбено дејство за потребите на системот се развиени неколку контејнери, и тоа:
1.Универзален борбен контејнер за лансирање на крстосувачките ракети 3М-54КЕ, 3М-54КЕ1 и 3М-14Е.
2.Борбен контејнер за лансирање на крстосувачките ракети Х-35УЕ.
3.Контејнер-команден центар, наменет за сместување и командување со хеликоптерско беспилотно извидувачко летало.
4.Командно-радарски контејнер, опремен со командна просторија и активно-пасивен или пасивен радар наменет за пребарување, откривање и означување на цели.
Во основа, една батерија на системот „Клуб-К“ е составена од 4 борбени контејнери (вкупно 16 ракети), со кои симултано може да се дејствува по 10 цели, а ако се користат ракетите 3М-14Е, и по 16 цели. Подготовката за борбено дејствување на системот изнесува од 10 до 15 минути, од кои 30 секунди се потребни за подигнување на лансерите на ракети, а за подготовката пред лансирање на ракетите се потребни 5 минути. Подготовката за напуштање на борбената позиција изнесува само 5 минути. Предноста на овој систем е и неговата можност за оперативно дејствување (позиционирање) на 2.000 m надморска височина, а ракетите 3М-54КЕ и 3М-54КЕ1 можат да бидат позиционирани 200 km од крајбрежјето, ракетата 3М-14Е на 275 km од крајбрежјето, а ракетата Х-35УЕ на 10 km од крајбрежјето.

Ивица Дамески



**Слика 1**: Внатрешноста на контролната кабина во контејнерот




**Објаснување на пресек сликата Пресек-слика на системот „Клуб-К“**

1. Контролна кабина на борбениот систем за сместување на екипажот
2. Влезна врата на контролната кабина
3. Влезна врата од контејнерот
4. Комуникациска антена
5. Контејнер од 40 фити
6. Метална носечка рамка на универзалниот борбен контејнер
7. Транспортен простор за лансерите на крстосувачките ракети
8. Хидрауличен механизам за придвижување на носачот на лансерите
9. Лансери на крстосувачките ракети
10. Подвижна кровна конструкција
11. Носач на лансерите на крстосувачките ракети
12. Крстоскувачка ракета 3М-54КЕ
13. Крстоскувачка ракета 3М-14Е




**Слика 2**: Универзален лансирен контејнер за крстосувачките ракети во позиција за дејство




| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАТЕРИСТИКИ НА РАКЕТИТЕ, КОРИСТЕНИ ОД СИСТЕМОТ „КЛУБ-К“ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ТИП НА РАКЕТА | 3М-54Е | 3М-54Е1 | 3М-14Е | Х-35УЕ |
| ДОЛЖИНА | 8.22 m | 8.22 m | 6.2 m | 4.4 m |
| ДИЈАМЕТАР | 533 mm | 533 mm | 533 mm | 420 mm |
| СТАРТНА ТЕЖИНА | 2.3 тони | 1.8 тони | 1.77 тони | 670 kg |
| ТЕЖИНА НА БОЕВАТА ГЛАВА | 200 kg | 400 kg | 200-450 kg | 145 kg |
| СИСТЕМ ЗА НАВЕДУВАЊЕ | Инерцијален навигациски систем + радар | Инерцијален навигациски систем + радар | Инерцијален навигациски систем + радар | Инерцијален навигациски систем + сателитски + радар |
| БОРБЕН ДОСТРЕЛ | 220 km | 300 km | 300 km | 260 km |
| БРЗИНА НА ЛЕТ | 0.8 маха, а пред целта 2.9 маха | 0.8 маха | 0.8 маха | 0.8-0.85 маха |
| ТРАЕКТОРИЈА НА ЛЕТАЊЕ | Височина на маршевски лет 20 m, пред целта 10 m | Височина на маршевски лет 20 m | Височина над море 20 m, над копно 50-150 m | Височина на маршевски лет 10-15 m, пред целта 3-4 m |




# „Boeing KC- 46 Pegasus“

Boeing KC-46 Pegasus“ е стратегиски транспортен авион, развиен од страна на компанијата „Boeing“ од моделот 767. Во февруари 2011 година, танкерот е избран од военото воздухопловство на САД како победник во натпреварувањето во текот на проектот „KC-X Tanker“, со цел да ги замени постарите воздушни цистерни од типот „Boeing KC-135 Stratotankers“. Првиот авион е предаден на воздухопловните сили во јануари 2019 година. Военото воздухопловство има намера да набави 179 авиони „Pegasus“ до 2027 година.

Воздухопловот има простор за екипаж до четворица членови, а во задниот труп има седишта за 58 патници, или вкупно простор за 18 палети во конфигурација на карго. Задниот оддел може да се користи и во аеромедицинска конфигурација за 54 пациенти. Овој авион е опремен со модернизиран систем за полнење гориво посебно и за големите авиони. Еден од членовите на екипажот, познат како бум-оператор, го контролира полнењето гориво за време на извршување на операциите од страна на повеќе типови авиони, како и странски авиони во истата операција.

Во услови на критика од страна на американските воздухопловни сили, дека се движи премногу бавно кон фиксирање на проблемите со танкерот за полнење гориво во лет „KC-46A Pegasus“, „Boeing“ се залага за понатамошни подобрувања кои ќе помогнат да ја врати својата проблематична програма назад на вистинскиот пат.

Во 2001 година, американските воздухопловни сили ја започнале програмата за набавки и замена на околу 100 модели од најстарите „Boeing KC-135E Stratotankers“ со новиот модел „KC-767“. Воздушните сили одлучиле да изнајмат 100 танкери од компанијата „Boeing“. Американскиот сенатор John McCain и други го критикувале нацрт-договорот за лизинг како расипнички и проблематичен. Како одговор на тоа, воздухопловните сили постигнале компромис во текот на 2003 година за набавка на 80 авиони „KC-767“ и закуп на дополнителни 20 авиони од истиот тип. Поради тврдењата за корупција, проектот бил „замрзнат“ и договорот за „KC-767“







Командата за транспорт преку својата компонента, Командата за воздушна мобилност, управува со воздушните операции за полнење гориво за вооружените сили со помош на танкерите: KC-46, KC-135 и KC-10. Од поновата генерација авиони, „Boeing KC-46 Pegasus“ е воен воздухоплов за полнење гориво на други воздухоплови во воздух

официјално е откажан од Министерството за одбрана во јануари 2006 година. Истата година воздухопловните сили објавиле барање за предлог на нова танкер програма која ќе биде избрана до 2007 година. „Boeing“ најавил дека може да влезе во програмата со уште поголема способност базирана на моделот „Boeing 777“. И компанијата „Airbus“, заедно со „Northrop Grumman“, го понудила моделот „Airbus A330“ (KC-30) во договорот вреден 40 милијарди долари. „Boeing“ ја доставил конечната верзија на својот предлог на 3 јануари 2008 година. Првичниот избор паднал на „Northrop Grumman“/„Airbus“ за моделот „KC-30“ во однос на моделот „KC-767“ на „Boeing“. Поради тоа компанијата „Boeing“ поднела протест до Канцеларијата за одговорност на Владата на Соединетите Држави и започнала да спроведува кампања за односи со јавноста за поддршка на нивниот протест. По низата приговори од страна на воздухопловните сили за недостатоци во процесот на наддавање, дошло до поништување на договорот. Започнале првите чекори во новата рунда понуди, со појасен пакет на критериуми, вклучително и намалување на бројот на барања од 800 на 373.
Во текот на 2011 година, воздухопловните сили го објавиле изборот на понудата за танкери на „Boeing’s KC-767“, заснован на моделот „767-200“, со подобрена верзија за полнење гориво, назначен како „KC-46A“. Договорот предвидувал компанијата да испорача 18 првични оперативни танкери, а воздухопловните сили да примат вкупно 179 нови танкери. Планираниот прв лет на комплетно опремениот „KC-46“ се одложува до септември 2015 година. Во текот на 2016 година за прв пат успешно е завршена мисијата за надополнување на гориво во авион за време од 5 часа и 36-минутна сертификација. Првото надополнување било за авионот „Ф-16“. Следно се реализирале тестирања на голем број други воени авиони, вклучувајќи ги „Б-2“, „Ц-5“, „Ц-17“, „Ф-35“, „Ф/А-18“, „А-10“ итн. Сепак, воздухопловните сили не биле задоволни од изведбата на неговиот систем за далечинско гледање и управување на системот за полнење гориво. Официјалните лица велат дека ќе бидат потребни години за да се направат потребните промени во хардверот и софтверот. Американските воздушни сили очекуваат да го решат безбедносниот проблем со карго-способноста на новиот танкер „KC-46A Pegasus“ во рок од неколку месеци. Одбранбените вести за прв пат објавиле дека „KC-46“ е ограничен да носи товар или луѓе во задниот дел на авионот. Ограничувањето е поставено по еден неодамнешен лет, кога товарните брави на дното на подот на авионот се отклучиле, создавајќи загриженост за посадата или патниците да бидат повредени или убиени од тешката опрема што одеднаш се ослободила за време на летот. Воздухопловните сили ги прекинале летовите во еден извесен период на тестирање и зголемено производство. Компанијата е одговорна за плаќање на трошоците од првичната награда од 4.9 милијарди долари за развој на авионите. Досега компанијата платила повеќе од 3.5 милијарди американски долари за да финансира корекции на тековните технички проблеми.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ | |
|---|---|
| ПОСАДА | 3 членови (2 пилоти, 1 оператор за полнење гориво) |
| КАПАЦИТЕТ | Место за седење до 114 патници или за 58 пациенти |
| ТОВАР | 29.500 килограми |
| ДОЛЖИНА | 50.5 метри |
| ВИСОЧИНА | 15.9 метри |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ВОЗДУХОПЛОВ | 82.377 килограми |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 188.240 килограми |
| КАПАЦИТЕТ ЗА ГОРИВО | 96.297 килограми |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 914 км/час |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 11.830 километри |
| ПЛАФОН НА ЛЕТ | 12.200 метри |



# „Коматсу“ –
## Лесни оклопни возила на тркала 4x4 на јапонската армија

Како и другите водечки воени светски сили, така и јапонските одбранбени сили инвестираа во своите копнени мобилни единици. Во 2002 година во служба влезе лесното оклопно возило „Коматсу“, за да додаде посовремен елемент во механизираните единици, посебно во делот на урбаното војување

Лесното оклопно возило на тркала „Komatsu LAV - light armoured vehicle“ е во служба на Јапонските копнени одбранбени сили Во јавност е претставено во 2002 година, по што веднаш е воведено во војните во Персискиот Залив, поточно во Ирак. Лесното оклопно возило „Коматсу“ ја пополнува улогата на извиднички автомобил, возило за обезбедување и за општо патролирање. Ова возило се користи и за транспорт на оклопните пешадиски трупи на бојното поле. Опремено со специфично вооружување, возилото овозможува лесна оклопна мобилност. Во 2004 година, Јапонските одбранбени копнени сили за своите единици кои се стационирани во Ирак распоредија одреден број од овие лесни оклопни возила. Над 1000 возила се изработени за Јапонските копнени одбранбени сили (JGSDF), но лесните оклопни возила не се понудени ниту на еден клиент за извоз. Возилото е лесно вооружено и оклопно, така што ја задржува потребната брзина и агилност за наменетите улоги. Како такво тоа не е директно борбено возило, туку повеќе е возило за поддршка. Возилото има способност за извршување на повеќе должности на бојното поле секаде каде што има потреба. Лесните оклопни возила „Коматсу“ се развиени од Канцеларијата за истражување и одбрана во 1997 година за да се исполнат барањата на Јапонските копнени одбранбени сили (JGSDF) за лесно оклопно возило на тркала коешто може да обезбеди подобра оклопна подвижност. Овие нови лесни оклопни возила требаше да ги заменат „HMV Hayate“ и малите „Type 73 utility“ возила, бидејќи тие не беа во можност да обезбедат заштита од мало калибарно пешадиско вооружување.

Дизајнот на лесните оклопни возила вклучува заварени челични оклопни конструкции на шасијата, фиксирана на конфигурација на тркала 4x4. Има вкупна должина од 4,4 м, ширина од 2,04 м и вкупна висина од 1,85 метри. Тежината на празно возило е 4500 килограми. Возилото може да смести до четири или најмалку пет члена, вклучувајќи ги возачот и специјалистот за оружје. Возачот на возилото и уште еден член на екипажот (командирот или некој друг војник) гледаат низ два големи прозорци напред, отпорни на куршуми од малокалибарско оружје, и истите можат да влезат и да излезат од возилото низ двете предни врати кои се отвораат странично. За пристап на вооружените станици или на митралезот за заштита е предвиден отвор на кровот на возилото.

Лесните оклопни возила „Komatsu“ се опремени со „4-cycle diesel engine of 160hp“, со ладење на течност. Индивидуалниот аранжман за седење сместува двајца војници позади на возилото и тие можат да влезат и да излезат од двете врати кои се отвораат странично. Единечната врата, одзади на возилото, е опремена со резервна гума со run flat систем. Секоја врата е опремена со прозорец отпорен на куршуми, притоа обезбедувајќи јасен поглед на војниците кои седат позади. Возилото, исто така, е



опремено со систем за гасење на пожар. Лесното оклопно возило „Коматсу“ е вооружено со „Sumitomo M249 LMG“ (лесен митралез) или со „Sumitomo M2HB 12.7mm“ тежок митралез за противпешадиски мисии. Двата типови на митралези потекнуваат од САД, но локално се произведени под лиценца на „Sumitomo“. Исто така, може да се монтира со „Type 01 LMAT man-portable fire-and-forget“ противтенковска ракета или со „Kawasaki Type 87“ противтенковска ракета за противоклопни улоги. Вооружените системи на возилото се заокружени со оклопна купола која го заштитува нишанџијата. Доколку не е опремено со купола, на возилото има кружен отвор на кој е монтиран механизам за поставување на митралез, таканаречен „Pintle-mount“, а на задната страна се поставени два фрлачи на чадни гранати. Лесните оклопни возила „Komatsu“ се одликуваат со заварени челични оклопни конструкции на каросеријата. Може да издржат вообичаена стрелба од 5,56 мм или стрелба од лесно пешадиско вооружување од митралези. Исто така, посадата е заштитена и од шрапнели од артилериски гранати. Некои извори покажуваат дека заштитата на „Коматсу“ возилата е многу подобра од заштитата на оклопните возила HMMWV. Клиренсот на возилото е одличен, благодарение на високата положба на возилото, сепак дизајнот на трупот е со релативно низок профил, што го прави возилото помала цел на хоризонтот. Поголемиот дел од лесните оклопни возила се вооружени со „Sumitomo M249 LMG.” Отворените кровни отвори на нишанџијата му обезбедуваат дополнителна заштита од сите правци. Возилата кои беа распоредени во Ирак дополнително се опремени со појачани отпорни на куршуми (блиндирани) ветробрани. Некои од нив, исто така, се опремени со секачи за жица и со ротирачки оклопни капаци околу монтираното вооружување на кровот за дополнителна заштита.



Лесните оклопни возила „Komatsu“ се опремени со „4-cycle diesel engine 160 hp“, со ладење на течност. Пакетот за напојување е поставен централно во предниот дел од возилото, за да се дистрибуира тежината подеднакво меѓу оските. Погонскиот систем обезбедува максимална брзина од 100км / ч. Лесните оклопни возила може да поминат повеќе од 500 км без притоа да бидат наполнети со гориво. Сите гуми се опремени со run flat систем кои му овозможуваат инхерентна оддржливост во активна борбена зона. Сите 4 тркала се суспендирани, така што промовираат силна крос-кантри способност, клучна при обидот да се задржи чекор со главните борбени сили. Малиот радиус на вртење овозможува лесно совладување на тесните премини. Возилото е доволно компактно за да може да се транспортира со некои воени хеликоптери, како и со транспортни авиони „Boeing CH-47 - Chinook” или „Lockheed C-130 - Hercules”.

Идриз Идризоски

Досега јапонската „Коматсу“ има произведено околу 2000 возила. Интерно, од компанијата се признати како „KU-50W“, а почетната серија од околу 400 возила пристигна уште во 2004 година. Јапонија е единствен оператор на овие возила

| ОСТАНАТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЛОВ „КОМАТСУ“ СЕ СЛЕДНИВЕ: | |
|---|---|
| ПРОИЗВОДИТЕЛ | Komatsu Defence Systems Division“, |
| ДОЛЖИНА | 4,4 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,04 метри |
| ВИСИНА | 1,85 метри |
| ТЕЖИНА | 4,5 тони (празно); |
| ПОСАДА | 4 - 5 лица |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Sumitomo M249 LMG, Sumitomo M2HB12.7mm HMG |
| ПОГОН | Liquid cooled 4-cycle diesel engine |
| АВТОНОМИЈА НА ОПСЕГ | 500 km |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 100 km/h |
| ОКЛОП | челична оклопна конструкција |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30% |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 0,5 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВЕРТИКАЛНА ПРЕПРЕКА | 0,5 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 0,7 м |

# Самооден повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-21 „ГРАД“




БМ-21 „ГРАД“, како концепт за првпат бил развиен во почетокот на 1960 година, а за првпат бил употребен во текот на 1969 година. Самиот концепт е развиен од воената индустрија „СПЛАВ“ – Русија, која била водечка воена индустрија за производство на повеќецевни лансирни системи. Називот - кратенката „БМ“ доаѓа од рускиот јазик „боевая машина“, што во превод значи „борбено возило - средство“. Од првата оперативна употреба како систем е користен речиси во сите војни и конфликти ширум светот. Денес се наоѓа во употреба во повеќе од 30 земји. Сукцесивно, во Русија, овој систем подоцна е заменет со системите ГРАД-1, УРАГАН и СМЕРЧ .

Како претходник на овој систем се смета советскиот „БМ-13 Katyusha“, кој за прв пат бил употребен за време на Втората светска војна. Навидум, тој бил еден едноставен систем од склоп на лансирни цевки монтирани на моторно возило, кој подоцна ќе биде основа за развој на многу помодерни и пософистицирани ракетни системи.

Повеќецевните фрлачи на ракети се наменети за:
- уништување и онеспособување на непријателска жива сила (засолнета и незасолнета) на отворен простор во: реоните на собирање, на позициите за дејство и попречување на брзи непријателски продори;
- уништување и онеспособување на материјални средства на отворен простор во реоните на собирање, на позициите за дејство;
- неутрализирање или уништување на непријателска артилерија на огнени позиции;
- неутрализирање на воздушни и на поморски десанти;
- неутрализирање или уништување на непријателски командни места и на центри за врски во границите на дострелот.

> Повеќецевните фрлачи на ракети се ракетни орудија на копнената артилерија со коишто се остваруваат силни, изненадувачки и брзи огнени удари по цели од голема важност и со големи димензии, на копно и на вода.

Во основа, постојат два типа на повеќецевни фрлачи на ракети: со фиксни лансирни цевки (цевки кои не се модуларни, а се полнат рачно или полуавтоматски). Искуствено тоа е најкористен и најпрактичен тип на лансери од причина што може лесно и брзо да се маневрира и дополнува со муниција без да се прават одредени постапки за промена на комплетни полнења - цевки (модули) за кои е потребно повеќе време; со контеjнери и модули на ракети каде истите се фиксни во зависност од типот на лансерот и се дополнуваат како комплетен сет на ракети. За нивно полнење е потребно повеќе време и дополнителна проверка.

При планирање и одредување на целите, а посебно при реализирањето на планираните огнени задачи, мора да се посвети посебно внимание на сигурноста на сопствените сили. Под зона на сигурност се подразбира потребно оддалечување на сопствените сили од центарот на сликата на расturање на погодоците на најблиската единица или орудие при гаѓање, поради избегнување на оган врз сопствените сили. Ефикасноста и импресивноста на овој систем е неговата прецизност и ефикасност и површина на покривање со оган по целта која има димензии 400x400 метри (40 ракети истрелани од еден систем би паднале на цел со спомenатите димензии). Оддалеченоста на границата на зоната на сигурност е различна на различни далечини на гаѓање, а се определува во однос на:
- големината на растурање на погодоци по далечина и правец;
- начинот на подготовка на почетните елементи за гаѓање;
- степенот на заштитеност на сопствените сили;
- далечината на летот на убиствените парчиња од ракетите.

Лансирниот уред е наменет за истрелување и насочување на ракетите во

саканиот правец кон реонот на целите. Лансирниот уред остварува режим на рафална и единична стрелба, при што истовремено не може да се лансираат две или повеќе ракети.
Секоја лансирна цевка се состои од: цевка на механизмот за истрелување, механизам за забравување и контактор. Лансирните цевки се изработени од специјален челик. Сите цевки се потполно еднакви по изглед, должина и тежина, а по функција се независни и постои можност за замена на поединечните цевки. Цевките се обележани со броеви од 1 до 40, според распоредот на истрелување.
Внатрешната површина на цевката е хромирана за да се заштити од корозија и полесно да се одржува. Во задниот внатрешен дел на цевката, во отворите на бравата за забравување на ракетата, се наоѓа коса површина на која се потпира бравата и спречува ракетата да се врати назад.
За гаѓање со самоодниот повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-21 се употребува ракета со калибар 122 мм, и тоа следниве типови: М21ОФ и 9М28Ф со моментно-фугасно дејство со запалка МРВ-У. Ракетата има сигурно дејство на температура од - 30 до + 45°C“. Во останатите земји во светот постојат и други видови на ракети. Запалката е елемент на ракетата, чија задача е да предизвика дејство (активирање) на ракетата при удар во целта или на одредена точка од траекторијата на летот на ракетата. Горната ударна запалка МРВ-У („MRV-U“) наменета е за моментно фугасната ракета М21ОФ и 9М28Ф и е од механички тип. Запалката може да се приспособи за моментно, за кратко забавено и за забавено дејство. Запалката ја остварува својата функција на тој начин што дава почетен импулс за активирање на енергетскиот дел (полнење) на ракетата. Почетниот импулс кој запалката го дава на полнењето на ракетата настанува со дејство на елементите на иницијалниот склоп на запалката.
Активирањето на првиот дел на иницијалниот склоп на запалката го овозможуваат разновидни механизми и уреди вградени во телото на запалката, а се врши по механички пат во динамичките услови на летот на ракетата.
Запалката МРВ-У (MRV-U), според процесот кој запалката го иницира, припаѓа на класификацијата на група на запалки со детонатор, а според начинот на дејство во однос на целта, припаѓа на класификацијата на група на ударни запалки.
Запалката МРВ-У (MRV-U) според степенот на сигурност при ракување и гаѓање припаѓа на класификацијата на запалки во групата на осигурани запалки.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БМ-21 „ГРАД“ | | |
|---|---|---|
| КАЛИБАР НА ЦЕВКАТА | 122 mm | |
| НАЧИН НА ПОЛНЕЊЕ | Рачно | |
| БРОЈ НА ЦЕВКИ | 40 | |
| ДОЛЖИНА НА ЦЕВКИТЕ | 3 m | |
| ДОСТРЕЛ | 20 380 m (со ракета М21ОФ)<br>15 000 m (со ракета 9М28Ф) | |
| ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ЛАНСЕР И ВОЗИЛО | 10870 kg | |
| ТЕЖИНА НА ПОЛН ЛАНСЕР И ВОЗИЛО | 13700 kg | |
| ДОЛЖИНА ВО БОРБЕНА И МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 7350 mm | |
| ШИРИНА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА | 3090 mm | |
| ШИРИНА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 2400 mm | |
| ВИСИНА ВО МАРШЕВСКА ПОЛОЖБА | 3090 mm | |
| ВИСИНА ПРИ МАКСИМАЛНА ЕЛЕВАЦИЈА НА ЦЕВКИТЕ | 4350 mm | |
| ПОСЛУГА | 6 | |
| ХОРИЗОНТАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | лево 102 степени, десно 70 степени | |
| ВЕРТИКАЛНО ПОЛЕ НА ДЕЈСТВО | од 0 до +55 степени | |
| ВИД НА СТРЕЛБА | единична и рафална (интервал на истрелување на ракетите 0,5 секунди | |
| СИГУРНОСНО ДЕЈСТВО НА РАКЕТАТА | од - 30 до + 45 степени | |
| ПОЧЕТНА БРЗИНА НА РАКЕТАТА | 690 m/s | |
| ПОТРЕБНО ВРЕМЕ ЗА ПРЕМИН ОД МАРШЕВСКА ВО БОРБЕНА ПОЛОЖБА (СО ПОЛНЕЊЕ НА ЛАНСЕРОТ) | 12 минути | |
| ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,9 m | |
| БРЗИНА НА ДВИЖЕЊЕ | максимална | до 75 km/h |
| | на асвалтен пат | до 60 km/h |
| | теренски услови | од 30 до 50 km/h |
| КАПАЦИТЕТ НА РЕЗЕРВОАРОТ | 200 литри | |
| ПОТРОШУВАЧКА НА ГОРИВО | 40 литри на 100 km | |
| М/В | лансерот е монтиран на м/в од типот УРАЛ 375Д, V8 мотор со 375 кс | |






# Подмолни замки на смртта

## Развој и употреба на германските нагазни мини во Втората светска војна

Нагазните мини првенствено се наменети за безбедносни цели и тие за време на војна честопати претставуваат тешко совладлива пречка. За време на крвавите битки во Втората светска војна, особено при повлекувањето на Вермахтот од 1943 година, мините, безброј пати го ослободиле својот смртоносен потенцијал

Ноќта помеѓу 23 и 24 октомври 1942 година, на Северноафриканскиот пустински фронт кај Ел Аламеин со повеќечасовна артилериска подготовка започнува сојузничката офанзива со која треба Африканскиот корпус на Ервин Ромел да се принуди на повлекување. Една сосема невообичаена артилериска подготовка за околностите на ова војувалиште, како што подоцна коментирал Ромел. Меѓутоа, неговиот британски колега, Бернард Монтгомери, точно знаел зошто го наредил овој масивен артилериски оган. Во насока на нападот на неговите трупи, германските и италијанските инженерци од јули 1942 година, теренот меѓу нив и Средоземното Море и „мочуриштето“ на депресијата Катара во широчина од околу 50 километри, со речиси 350.000 нагазни мини, го претвориле во крајно небезбеден и опасен за движење. Овие мински полиња биле длабоки повеќе километри, а според англиските извештаи, инженерците на Ромел своите тенковски мини ги обезбеделе и со дополнителни запалки, за да го отежнат нивното разминирање. Во таквите „мински градини“, како што ги нарекувале Британците, со артилерискиот оган проодите низ минските полиња се правеле само површно. Таквите прооди низ минските полиња, во голема мерка, биле безбедни само кога биле дополнително проверувани од инженерците. Во битката кај Ел Аламеин, на 8. армија на Монтгомери и биле потребни неколку дена за да се пробие низ минските полиња.
За време на Првата светска војна, употребата на минитe играла подредена улога, иако релативно статичката војна сугерирала идеално поле за примена на овој вид оружје. Но, во ова војна, каде се воделе масовни артилериски борби, сите поставени мински полиња во голема мера биле неефикасни. Затоа, нагазните мини биле далеку од очите на експертите за оружје. Првата германска тенковска мина била мината Т-29, тешка шест килограми која била многу непрактична за употреба. Таа била повлечена во корист на новата тенковска мина Т-35. Оваа мина ќе биде главно средство за запречување и за противтенковска одбрана на инженериските единици, како и на инженериските водови во склоп на другите родови. Мината била тешка речиси десет килограми, а нејзиното експлозивно полнење од 5,45 килограми

Според германското Правило за инженерија од 10 септември 1944 година, намената на мините е дефинирана вака: Мините имаат цел да ги исфрлат непријателските оклопни возила, тенкови и други борбени возила надвор од употреба, да направат непријателот да се чувствува небезбеден, да се спречи неговиот напад или да се одложи неговото напредување, како и за уништување на сообраќајни и индустриски капацитети. Тие се оружје за одбрана.

пробивало до десет сантиметри челичен оклоп. До 1943 година германската индустрија произвела околу 4,2 милиони мини Т-35. Инженерискиот баталјон на Вермахтот во својот состав имал 1.500 мини. Според утврдени планови за поставување, тие се поставувале со запалки на притисок, како бариери или во мински полиња на растојание помеѓу четири и осум метри. Во противоклопна борба против тенкови, војниците користеле Т-35 со кратка детонаторска запалка со временско задоцнување од 10 до 15 секунди. За тоа, била потребна добро извежбана техника за фрлање на мината со 32 сантиметри во дијаметар и десет килограми тежина на задниот дел од непријателскиот тенк. Секако дека било полесно да се фрли мината пред гасениците или да се повлече под тенкот но, сепак, и за тоа била потребна одлична обученост и максимална храброст. На почетокот на Втората светска војна, кај германските инженериски единици имало огромен недостаток на тенковски мини. Пешадиските мини С-35, воведени во 1938 година, како и големи количини на тенковските мини Т-35 биле поставени во близина на западната граница и тие требало да останат таму. Затоа, Вермахтот со минимални резерви на мини ги започнал првите блиц војни во Полска, Скандинавија, Франција и на Балканот. Потребата да се зголеми производството на мини се појавува во понатамошниот тек на војната, во 1941 година. Вермахтот се повеќе се утврдува и ги минира крајбрежните области на Северното Море, каналот Ла Манш и Бискајскиот Залив, каде се поставува идниот Атлантски бедем. Пред сè, токму африканската кампања и војната против Советскиот Сојуз се тие што даваат нов „квалитет“ во употребата на мините. Од 1942 година, многу компании во германскиот Рајх учествуваат во производството на мини. Некои нови типови на мини, како пешадиската мина „42“ (дрвена мина со експлозивно полнење од 500 грама со детонатор), се произведува во повеќе милиони примероци. Дрвената мина, која тешко може да се лоцира со електромагнетни детектори на мини заради нејзината мала количина на метал е резултат на искуствата од руската кампања. Војниците на Црвената армија располагале со најразлични типови на мини и биле особено квалификувани „минери“, од кои требало многу да се научи. Во германски прирачник за руски експлозивни направи и детонатори, мини и запалки од јануари 1942 година, опишани се 80 различни советски мини и голем број запалки. Во тоа време, германската армија имала само три типови на мини и пет запалки. На крајот на 1943 година, дотогашниот статус на инженерците бил драстично променет. Со наредба на началникот на инженеријата при Генералштабот на Армијата, било наредено од 20 декември 1943 година, поставување на мини од инженерците, но и од специјално обучени единици од сите родови. Во иднина, учеството на инженерците на фронтот се зголемува на сите нивоа. Се дополнуваат релевантните регулативи за употреба на мините. Се потенцира на исклучителното високо ниво на техничко разбирање, на големо искуство што треба да се стекне и на големата лична посветеност, односно потребната храброст. Конечно, бидејќи бројот на типови на тенковски и пешадиски мини и опциите за нивна употреба и поставување бил многу голем, се препорачувало обуката да се фокусира на неколку вообичаени типови на мини, бидејќи за да се совлада оваа област како целина, била потребна практика и долго искуство. Вкупно, околу 15 германски правила и регулативи, сите редовно ажурирани, ја документираат техничката и организациска употреба на мините од 1943 година до крајот на војната во 1945 година. За поставување на минските полиња и групи на мини постоеле и тајни упатства. Се изработувале мински полиња според специфична шема, која била детално опишана во тие упатства. Предноста на таквите шеми е тоа што можеле брзо да се разминираат - ако ситуацијата тоа го барала - или барем да се направи проод низ нив за кратко време. Поставувањето на мини во групи се покажало како особено ефикасно, затоа што мешаната употреба на тенковски и пешадиски мини го отежнувало пребарувањето и расчистувањето од страна на непријателот. Недостаток на ваквото поставување, сепак бил очигледен, бидејќи опасноста за непријателот била и опасност за сопствените трупи, доколку сакале да го исчистат минското поле, на пример, за да ја зголемат сопствената слобода на движење. Затоа, овој начин требало да се користи само кога не се предвидувало подоцнежно разминирање. Од декември 1943 година, се применувал принципот во случај на планско поставување на мински полиња и групи на мини, дел од тенковските мини да бидат обезбедени на таков начин што тие подоцна нема да можат да бидат земени ниту разминирани. Мора да биде јасно дека војската обично не можела да ги деминира тие мини и затоа морале






да се детонираат. За да ги заштитат мините Т-42 и Т-43 од деминирање, војниците ги вкопувале наопаку, односно со нагазната површина или нагазната запалка надолу. Под секоја мина, според тоа, се поставувале даски, парчиња дрво или рамни камења, така што тенковската мина не извира над земјата и мината може да се активира од поставената подлога. Во текот на поставувањето на мините, војниците ставале камуфлажен слој дебел пет сантиметри, за да ја сокријат позицијата на мината.
Кулминацијат на војувањето со мини од германска страна била на источните граници, каде во пресрет на големата руска офанзива со цел освојување на Берлин, главниот град на Рајхот, меѓу средината на февруари и почетокот на април 1945 година, биле поставени мини во голем број, до 2.000 парчиња на километар од фронтовската линија. Ефикасноста на користењето мини од страна на инженериските единици, но и од други единици на Вермахтот за време на Втората светска војна е неспорна. Тие предизвикале значителни загуби кај руските трупи. Според германските проценки, сепак, ефективноста на војувањето со мини на Источниот фронт била намалена од рамнодушноста на Русите кон загубите и нивното вредно разминирање. Во Италија, на пример, кај американските трупи во битките за Монте Касино, во 1944 година, германските мини предизвикале 13% од вкупните загуби. На фронтот во северозападна Европа, 21% од загубите на тенкови се должеле на мините.
Противтенковите мини биле еден од најголемите нерешливи проблеми на војната, а вистинското решение би го забрзало крајот на војната за најмалку шест месеци. Почитта што постоела кај силите на западните сојузници пред германските мини била значителна. Во текот на Втората светска



војна, мините направија значителен напредок во однос на интензитетот, широчината и разновидноста на нивното производство и употреба. Војувањето со мини се здобило со големо значење под променетите услови за војување на германскиот Вермахт кој се повеќе бил во дефанзива. Со релативно мал напор можело на противниците да им се предизвикуваат загуби или да го забават нивното напредување.
Документацијата за поставените мински полиња била особено важна, бидејќи она што го спречува противникот, го ограничува и сопствениот опсег на движење. Записникот за изработеното минско поле е дизајниран да му даде на раководството преглед на употребата и одбранбената вредност на минско-експлозивните пречки при изведувањето на борбена операција. Било точно пропишано, кои документи, со какви детали ги прави инженеријата, а подоцна и секој кој поставува мински полиња. Постои разлика помеѓу План на минско поле и скица на минското поле. Покрај тоа, има и записник и карта на минското поле. Плановите на минското поле се цртежи во точен размер и описи на минското поле со сите потребни детали и координати на локацијата.
Тие ја формираат најважната основа на документацијата за употреба на мините. Војниците треба да ги прават секогаш кога ќе постават мини. Скиците на минското поле, од друга страна, се изработени без размер во едноставна форма.
Степенот на употреба на мините се гледа од фактот дека во Северна Африка, во Источна и Западна Европа, големи области биле загадени со мини, кои дури и многу години по војната предизвикувале голем број жртви. Покрај многуте деминери кои ги загубиле своите животи при деминирањето, често жртви биле и невини луѓе, а честопати и деца. На пример, во една општина во Германија биле пријавени 44 несреќи со мини меѓу 1945 и 2008 година, од кои до 1952 година, повеќе од 30 се со фатален исход. Колку всушност е смртоносно деминирањето, многу импресивно е прикажано во еден дански игран филм („Земја на мините“ од 2015 година), во кој се опишани драматичните искуства и судбини на присилните деминери, целосно неискусни млади германски воени затвореници, кои од 11 мај до 4 октомври 1945 година требало да деминираат околу два милиони мини кои биле поставени на плажите на Северното Море. Според некои воени извори, 2.500 затвореници во тоа време расчистиле околу 1,4 милиони мини. Притоа, околу 1.000 заробеници го изгубиле животот.

Александар Стојчевски






# Идно борбено извидувачко летало за Армијата на САД

Во март 2020 година, Армијата на САД за финалисти на програмата FARA (Future Attack Reconnaissance Aircraft/ Идно борбено извидувачко летало) ги избра компаниите „Sikorsky“ со леталото „Raider X“ и „Bell Textron“ со леталото „Bell 360 Invictus“. Инаку, програмата FARA, од страна на Армијата на САД е започната во 2018 год., со цел замена на лесниот извидувачки борбен хеликоптер „Bell OH-58 Kiowa“. Во оваа програма првично учествуваа 5 компании: „Karam Aircraft“ со леталото „Karam AR40“, „AVX Aircraft“ со леталото „AVX-L3“, „Boeing“, со леталото „Boeing FARA“, „Sikorsky“ со леталото „Raider X“ и „Bell Textron“ со леталото „Bell 360 Invictus“. Компаниите финалисти на проектот, се должни, во наредниот период, да го завршат деталниот дизајн, да изработат прототип кој во 2023 год. треба да го изведе првиот лет и да го тестираат леталото. Двете компании во проектот учествуваат со најсовремена технологија во која е вклучен и одреден степен на стелт-дизајн. Леталото „Bell 360 Invictus“ поседува покласичен стелт-дизајн, со еден главен носечки ротор и еден помал ротор на опашката од типот фенестрон, а двочлениот екипаж поседува тандем распоред (седат еден позади друг). Во леталото треба да биде вграден еден мотор General Electric T901, кој се очекува да постигне максимална брзина од 343 km/h. За разлика од него, „Raider X“ поседува коаксијални ротори и еден потисен ротор на крајот од леталото, со цел постигнување на поголема брзина на летање, која се очекува да биде околу 460 km/h. Во ова летало, исто така, ќе биде вграден еден мотор General Electric T901, додека седењето на двочлениот екипаж ќе биде еден покрај друг. Распонот на роторите, и кај двете летала, треба да биде 12 метри.






# Нов турски тежок борбен хеликоптер „АТАК-2“

Благодарение на искуствата стекнати со лиценцираното производство на борбениот хеликоптер „Agusta A129“ (турска ознака „Т-129 АТАК“) и развојот на средниот двомоторен транспортен хеликоптер „Т-625“, туската компанија “Turkish Aerospais Industries“ се стекна со солидна современа технолошка основа за да започне самостоен равој на нов борбен хеликоптер кој се води под развојната ознака „АТАК-2“. Со цел намалување на развојната цена и поедноставување на логистиката, во план е да се користат веќе развиени компоненти од претходно наведените хеликоптери, но и вградување на нови посовремени електронски системи и оружја од домашно производство. Во основа, леталото ќе биде двосед со тандем распоред на седишта, ќе поседува два мотори (секој со моќност од 1.400 кс), 4 елиси на главниот ротор и 4 елиси на задниот ротор. Од електронска опрема се планира вградување на FLIR нишански систем со кој ќе може борбено да дејствува и преку ден и преку ноќ, милиметарски радар за детектирање цели, ласер за означување/ наведување на ракети, сензори и лансери на мамки за ракети, шлем со вграден нишански ситем за екипажот, повеќенаменски дисплеи во кокпитот, модуларна авионика која лесно ќе може да се надградува, GPS навигација, систем за детектирање на препреки и друго. Инаку, кокпитот и критичните системи ќе поседуваат оклопна заштита која штити од проектили со калибар од 12,7 mm. Под носот на леталото се планира вградување на подвижен автоматски топ со калибар од 30 mm, додека на двете кратки крила поставени од бочните страни ќе се постават вкупно 6 носачи на оружја, кои ќе овозможат вкупна носивост од 1.200 kg. На овие носачи за оружја ќе може да се постават ненаведувани и наведувани ракети „воздух-земја“ со калибар од 70 mm, противтенковски наведувани ракети и ИЦ наведувани ракети „воздух-воздух“ со краток дострел. Според плановите на производителот, леталото ќе треба да поседува тежина од 8 до 10 тони, плафон на летање од 6.100 m, максимална брзина од 318 km/h и можноста за дејство во различни временски услови при температури од -40°C до +50°C. Благодарение на современата авионика и оружје „АТАК-2“ ќе може да се користи во мисии за противоклопна борба, за блиска воздушна поддршка и за извидувачки мисии. Првиот лет на хеликоптерот „АТАК-2“ се очекува во 2024 година.





Ивица Дамески



# Вирусот COVID-19:
## Како да го менаџираме нашето ментално здравје за време на самоизолација

Вирусот „Корона-19“ продолжува да се шири ширум светот, а владите од повеќето земји спроведуваат мерки за „социјално растојание“ и апелираат да се избегнуваат сите несуштински патувања. Ова вклучува работа од дома, се разбира, ако тоа е можно, и да не се оди во пабови, ресторани и во театар, односно да се избегнуват места каде што има повеќе луѓе. Во некои земји, како на пример во Италија и во Шпанија, луѓето веќе се ограничени во своите домови со национални забрани, а полицијата користи беспилотни летала за да ги казни луѓето кои излегуваат надвор.

Долгиот период на изолација може да биде неопходна мерка за јавното здравје но, исто така, треба да се прифати дека изолацијата може да има и штетно влијание врз менталното здравје на луѓето. За таа цел, Светската здравствена организација (СЗО) објави Водич за ментално здравје за луѓет кои се само-изолираат. Во Водичот се нагласува дека овој период на криза создава стрес кај населението. Прашањето, коешто се поставува овде е што треба да направиме ако нашето ментално здравје страда за време на самоизолацијата и дали има начини да се заштити нашата емоционална и ментална благосостојба за време на потенцијално подолг период на самотија?

### Да создадеме време за микроактивности во текот на денот

Според д-р Луси Атчесон, психолошки советник, еден од главните проблеми со самоизолацијата е што почнуваме да ги занемаруваме „микроактивностите“ што редовно, но

> Додека владите најавуваат дополнителни мерки за социјално растојание, се поставува прашањето како луѓето да го одржат своето ментално здравје во добра состојба во период на подолга самоизолација

несвесно сме ги правеле во текот на денот. За „Индипендент“, таа вели: „На пат до работното место може да влеземе во омиленото кафуле или да поздравеме некого на улица, односно има толку многу мали работи во текот на денот кои не „оживуваат“, а ние воопшто и да не сме свесни за тоа.

Но, „кога сме сами дома, тоа не се случува, а кумулативниот ефект од тоа неслучување е огромен, особено ако трае околу две недели. Наместо тоа, треба да создадеме микроактивности/рутини, нешто што генерира чувство дека нешто постигнуваме. Ова може да биде нова вежба, за да се посветиме на учење на странски јазик, да разговараме со некого на FaceTime/Book или да се приклучиме на групата Книги преку Интернет “.

## Да се храниме здраво

Кога сме дома, може да ни биде убаво само да седиме на софата без да се движиме, да јадеме неизбалансирани оброци и да грицкаме цел ден, како начин да се забавуваме. Но, Ема Карингтон, менаџер за совети и информации за ментално здравје од Велика Британија, апелира: „Да вложиме напори за да јадеме добро. Ако нема кој да ни донесе храна, тогаш да провериме дали можеме да се пријавиме за домашни испораки од нашиот локален супермаркет. Воедно, и „ Да провереме дали има некакви групи за поддршка на заедницата во нашата општина кои можат да обезбедат поддршка за купување намирници.“

## Да се сплотиме со природата

Стивен Бакли, раководител на информативната служба во „Минд“, вели дека треба да се обидеме да се изложиме на надворешниот свет и да вежбаме што е можно повеќе. Се разбира дека тоа треба да биде умерено. Имено, „Нашето физичко и ментално здравје се поврзани, па да се обидеме да создадеме рутина што вклучува физичко вежбање“, вели тој. Но, „Иако нема да можеме да поминуваме време со други луѓе за да го искористеме максимумот од приватниот отворен простор - како на пример дворот или балконот – ако ги имаме, бидејќи да се биде во природа може само да помогне за нашата благосостојба“. Исто така, Бакли препорачува да гледаме преку прозорецот, и тоа во птиците или во растенијата, односно во флората и фауната за да ни го одржуваат умот стимулиран и ангажиран со природата. А, се препорачува и повремено да го отвораме прозорецот за да влезе свеж воздух во нашата соба.

## Да одржуваме чувство за рутина

Да се обидеме да не го поминеме цел ден во пижами или во 3 часот по полноќ да се разбудиме и да се сетиме дека не сме ги измиле забите затоа што знаеме дека нема да се видиме со никого? Имено, иако на краток рок, може да е убаво да се биде мрзелив, долгорочно, ова не е добро за нашата ментална благосостојба. Во врска со ова, Карингтон апелира: „Да се вложат сите напори и да се задржи секојдневната рутина. Да се будиме и да си легнуваме во препорачаното време за да спиеме доволно.“
Сепак, иако ќе сакаме да одржиме рутина, може да западнеме во еден циклус на спиење, работа, јадење и повторување. Затоа, д-р Луси Атчесон предупредува: „Да пронајдеме време во кое ќе додаме уште една важна вредност во текот на денот бидејќи, животот не може да биде само јадење и спиење. Треба да направиме нешто забавно за нас (а тоа дефинитивно не е само Netflix). Таа вели дека многу луѓе кои се самоизолираат го губат својот оптимизам за иднината бидејќи го користат времето за анализа на сопствениот живот: работа, врска, пријателства. А, кога сме презаситени од еден обичен живот, може брзо да станеме депресивни. Затоа треба да пробаме да се ангажираме со позитивни работи “.

Да не седиме пред телевизорот или компјутерот по цел ден туку да ги менуваме нашите активности. Седењето пред екранот подолг временски период, без разлика дали е за работа или задоволство, не е најдобриот начин да го потрошиме времето. А, сината светлина од уредите, како на пример, „паметните“ телефони, може негативно да влијае на нашиот сон и на целокупната благосостојба



Да не седиме пред телевизорот или компјутерот по цел ден туку да ги менуваме нашите активности. Седењето пред екранот подолг временски период, без разлика дали е за работа или задоволство, не е најдобриот начин да го потрошиме времето. А, сината светлина од уредите, како на пример, „паметните“ телефони, може негативно да влијае на нашиот сон и на целокупната благосостојба.
„Анксиозност Велика Британија“ (оригинал: Anxiety UK), е добротворна организација која им помага на луѓето кои страдаат од вознемиреност и оваа организација има подготвено листа на активности за самоизолација, за да се диверзифицира она што би го правеле дома во деновите на изолираност.





Дури и кога сме изолирани, да се обидеме колку што е можно повеќе да ги одржуваме нашите лични дневни рутини или да создадеме нови рутини. Ако, пак, здравствените власти препорачуваат да го ограничиме нашиот физички социјален контакт, можеме да останеме поврзани преку е-пошта, социјални медиуми, видеоконференција и телефон

Се предлага: преземање на објави, гледање серии, занимавање со уметност и со занаети, плетење, обиди за медитација, експериментирање со подготовка на нови видови јадења, учење на ново хоби, како на пример оригами, он-лајн разговори со пријатели, време на FaceTime/Book, готвење, пишување, читање книга или градинарство.

## Да останеме поврзани со луѓето

Самоизолацијата не значи дека треба целосно да ги прекинеме сите контакти. „Анксиозност Велика Британија“ сугерира: „Да најдеме време и да му се јавиме на некој пријател или член на семејството и да разговараме за тоа како се чувствуваме. Дури и да нема со кого да разговараме, може да се јавиме на линиите за емоционална поддршка, како што се „Самарјани“ и САНЕЛ во Обединетото Кралство (во оригинал: Samaritans and SANEline).“

СЗО, исто така, препорачува да ја одржуваме и нашата социјална мрежа во периодот на самоизолација: „Дури и кога сме изолирани, да се обидеме колку што е можно повеќе да ги одржуваме нашите лични дневни рутини или да создадеме нови рутини. Ако пак здравствените власти препорачуваат да го ограничиме нашиот физички социјален контакт, можеме да останеме поврзани преку е-пошта, социјални медиуми, видеоконференција и телефон”.

## Да го ограничиме внесувањето вести

Ако забележите дека постојаните вести за вирусот влијаат на нашето ментално здравје, особено оние кои ги добиваме на социјалните медиуми, тогаш треба да бараме информации од здравствени работници или на веб-страницата на СЗО, а да избегнуваме да слушаме или да следиме вести кои прават да се чувствуваме непријатно.



## Да не бидеме вовлечени во негативна спирала

Д-р Луси Атчесон вели дека една од најопасните работи за нашето ментално здравје е да имаме премногу време да размислуваме критички за нашиот живот. Таа објаснува дека кога се самоизолираме, имаме многу време да размислуваме и многу е вообичаено да доживееме масовно животно незадоволство како резултат на изолацијата. Затоа, да пробаме да бидеме смирени а не германофобични (опседнати со бактерии и чистење), за да ги избегнеме тие негативни когнитивни спирали .

Портпаролот на Фондацијата за ментално здравје (во оригинал:Mental Health Foundation, UK) добротворна организација во Велика Британија, која ги поддржува лицата со ментални здравствени проблеми, вели: „Самоизолацијата ќе ни помогне да ги анализираме различните периоди од нашиот живот, иако не сме сакале да го правиме тоа. Но, изолациајта ќе ни даде и можност за поинаков ритам на живот, односно можност да останеме во контакт со другите на поинакви начини од вообичаените“.

м-р Билјана Поповска

*(адаптирано од Sophie Gallagher @ scfgallagher https://www.independent.co.uk/life-style/health-and-families/coronavirus-mental-health-self-isolate-how-to-manage-quarantine-a9404431.html?fbclid=IwAR0dcxKFlui1voKGC9TJKIS0nko4DJAxoxcRF6WnUbSMbaOTYIMGrPFjerQ)*

# 2 Април – Ден на Првата пешадиска бригада

На 2 Април, во касарната „Н. Х. Страшо Пинџур“ во Петровец се одбележа Денот на Првата пешадиска бригада, во услови кога припадниците на Првата пешадиска бригада се ангажирани на работни задачи во поддршка на Министерството за внатрешни работи (МВР) во справување со пандемијата на КОВИД 19.



На свеченоста, покрај началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваше и командантот на Командата за операции, генерал-мајор Павле Арсоски. Во своите обраќања, началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и командантот на Команда за операции, генерал-мајор Павле Арсоски го истакнаа историскиот миг во кој се наоѓа државата во справувањето со пандемијата и потребата од градење на единство и сплотеност во справувањето со оваа закана по јавното здравје.
Командантот на бригадата, полковник Бесник Емини, во својот говор истакна дека, ова е ден кога треба да се потсетиме на жртвувањата на претходниците на оваа бригада кои придонесоа за постигнатото и чиј носител на традициите е бригадата.
На свеченоста, по повод Денот на единицата, беа доделени повеќе стимулативни мерки за припадниците на бригадата.




# 15 Април– Ден на Командата за обука и доктрини

Во касарната „Алексо Демниевски – Бауман“ во Велес во услови на преземање на мерки за заштита и ангажирање на персонал во поддршка за справување со пандемијата КОВИД 19, се одржа свечено постројување за одбележување на 15 Април – Денот на Командата за обука и доктрини (КОД). Одбележувањето на 15 април како ден на Командата за обука и доктрини е одреден во чест на пристигнувањето на првата класа регрути од регуларниот состав на Армијата на отслужување воен рок во 1992 година.



Командантот на КОД, бригаден генерал Методи Хаџи Јанев во своето обраќање им го честиташе Денот на единицата на припадниците на КОД, а воедно им пренесе честитки од началникот на Генералштабот на Армијата, генерал потполковник Васко Ѓурчиновски, со желба за лично здравје на припадниците на КОД и нивните фамилии. Командантот на КОД на свеченото постројување истакна дека задачите ќе продолжат да се реализираат со посилен интензитет во справувањето со пандемијата, а паралелно со тоа нема да се изостават и обврските со доделената мисија на единицата.
На свеченото постројување по повод Денот на единицата беа прочитани и стимулативни мерки за припадниците на Командата за обука и доктрини.



# 10 Април – Ден на Артилерискиот баталјон

Во касарната „НХ Мирче Ацев“ во Прилеп, во услови кога припадниците на Армијата се ангажирани на работни задачи во поддршка на персоналот на МВР во справување со пандемијата, припадниците на Артилерискиот баталјон (артб), од составот на 1. пешадиска бригада (1.пбр) го одбележаа Денот на единицата.



На свеченоста присуствуваа командантот на 1.пбр полковник Бесник Емини и командантите на потчинетите единици. Во своето пригодно обраќање по повод Денот на единицата, потполковник Ѓорги Василевски се осврна на историјата на единицата, реализираните активности во изминатиот период како и задачите и обврските што следуваат во наредниот период. Командантот на 1.пбр, полковник Бесник Емини им го честиташе Денот на единицата со желба за лично здравје на припадниците на артб и нивните фамилии со надеж дека за скоро време, артб и останатите единици од 1.пбр ќе продолжат со нормален тек на извршување на секојдневните обврски и задачи и истакна дека обврските на единицата согласно ново настаната ситуација продолжуваат. На свеченоста по повод Денот на единицата беа прочитани честитки и стимулативни мерки за припадниците на единицата.






# Низ историјата на пандемиите

Речиси преку ноќ Цариград стана пуст. На улиците не можеше да се сретне жива душа, а ако некој и поминеше, носеше или влечеше некој близок кој ноќта починал. Меѓу нив имаше и такви кои имаа среќа болеста да ги одмине, па итаа да им помогнат на заболените роднини или пријатели“. Цитираниве реченици се забележани во „Тајната книга“ на Прокопије Цезариски, најголемиот хроничар во Византија, висок службеник на дворот на Јустинијан во 641 година. И неговиот современик, Јован Ефески, по истиот повод, оставил куса, но впечатлива белешка. „Се е застанато, никој не се занимава со својата работа, а секој што можеше да се види на улиците, на вратот или на раката носеше таблица испишана со неговото име“. Прокопије, кој во споменатото дело, во целост се занимава со опишувањето на „темната страна“ на владеењето на царот Јустинијан и неговата сопруга Теодора, подробно го опишува пустошот што во престолнината на Источното Римско Царство го направи епидемијата на чумата. „Чумата беше толку страшна, што во еден ден имаше 5000 и повеќе

Повикувајќи се на историските документи, кои учените и лаиците низ целиот свет денес ги вадат од архивите и медицински документации, во текстов, хронолошки ќе ги спомнеме најголемите епидемии на заразни болести со кои човештвото се соочувало низ неговата пишана историја

умрени. Живите немаа ни време, ни можност да ги погребуваат починатите според важечките прописи...“ Со оглед дека станува збор за „најучениот“ хроничар во целокупната историја на Византија, хроничар врз чии дела се темели веродостојноста на Византија во времето на Јустинијан, податоците поврзани со првата пандемија на чума во Европа се сметаат за „апсолутно релевантни“.
А, кога сме веќе кај историјата на епидемиите и пандемиите на заразни болести, не е на одмет да споменеме дека, „црната чума“ ќе го опустоши Константинопол и три стотини години порано. Имено, во времето на Светиот Пахомие, за време на велигденските празници, 346 година, чумата „донесена по Патот на свилата“, ќе го опустоши градот до таа мера што „починатите немало кој да ги закопа“.

## Господ ги казнува безбожниците

Токму од вирусната катаклизма во Византија, која уште тогаш била наречена „Јустинијанова чума“, потекнуваат и остануваат два неоспорени факта. Првиот е дека големите и смртоносни болештини се паметат по името на актуелниот владател и според оној кој оставил писмени траги за истата, и вториот, дека секогаш станувало и ќе станува збор за божја освета на безбожниците и неморалните. Така, кугата што во 454 година пред новата ера ја опустошила античка Грција, останала позната и како „Тукидидова чума“. Се разбира, големиот антички историчар не бил никаков владетел, но токму тој

во својата „Историја на Пелопонеската војна“, едно поглавје посветил на „страшната и на никого неразбирлива болест“.
Повикувајќи се на историските документи, кои учените и лаиците низ целиот свет денес ги вадат од архивите и медицински документации, во текстов, хронолошки ќе ги спомнеме сите епидемии на заразни болести со кои човештвото се соочувало низ неговата пишана историја. Честа, вечно да биде спомнуван, при секое глобално заболување од вируси и заразни болештини, има погоре спомнатиот грчки историчар Тукидид. Во поновата историја, големите епидемии се нарекуваат по местото каде што се појавиле, а денес, нивните називи се врзуваат за животните кои биле причина за заразата. Интересно е дека, без оглед на епохите и периодите во кои се појавувале смртоносните зарази, а во недостиг на егзактни докази, болештините се припишуваат и на Господ Бог, кој ги „казнува и опоменува“ сите оние кои заборавиле на него, како и да се викал. Оттука, имаме и синтагми „освета на боговите од Олимп“ , „Одинова, Перунова, Алахова... освета“.

## Крадец во ноќта

Сите смртоносни болести, почнувајќи од времето на Тукидид, па сѐ до COVID-19, се појавувале ненадејно, „како крадец во ноќта“ и исто така, без најава исчезнувале, оставајќи зад себе пустош и страв. Секогаш и секаде, тие болести не ги поштедувале ни побожните, ниту моќните, па се сметало дека е во прашање „божја правда“. Римскиот историчар и политичар, Касија Дион Кокејан, забележал дека во текот на целата 165 година, во Рим беснеела „непозната чума“, секојдневно однесувајќи и по 2000 души. „Ноќниот крадец“ не ги заобиколил ни императорите Луције Вер и Марко Аурелије. Тешко е, инаку, да се поверува дека од „Јустинијановата чума“ во 641 година до „црната смрт“ во 1347 година, „крадецот“ не се појавил никаде на Земјината топка. Токму во спомenатата година, во Европа, чумата однела над 50 милиони животи, или, како што тврди норвешкиот историчар Оле Бендикт, 60 проценти од тогашната човечка популација. Станува збор за истата она „бубонска чума“ за чие беснеење е напишано едно од ремек делата на светската книжевност, прочуениот „Декамерон“. Неговиот автор, Џовани Бокачо, еден од „апостолите на ренесансата“, поет, политичар и авантурист, личен пријател на големиот поет Петрарка, споменатото дело го започнува токму кога се појавила „црната смрт“, чиј епицентар била Фиренца, каде што тој живеел во тоа време. Засолнувајќи се од чумата, седум убави девојки и три момчиња отишле во црквата „Света Марија“ и таму, за да се спасат од болеста, решиле да раскажуваат приказни. Освен што ѝ избегале на смртта, тие, односно Бокачо, ги бележел приказните, кои се и денес инспирација за „слободоумните“ творци.



Сите смртоносни болести, почнувајќи од времето на Тукидид, па сѐ до COVID-19, се појавувале ненадејно, „како крадец во ноќта“ и, исто така, без најава исчезнувале, оставајќи зад себе пустош и страв

Документирана е и следната голема и смртоносна епидемија која се случила ширум тогашната Латинска Америка. Имено, хроничарот на една од експедициите на Кристофер Колумбо, забележал дека некоја непозната болест го преполовила населението на домородскиот народ Таино. Двесте години подоцна, поточно во 1665 година, таканаречената „бубонска чума“ го опустошила Лондон и неговата околина. Според англиските историчари, во таа година починале околу 100 илјади луѓе. Тогаш се раширил глас дека заразата потекнува од мачки и кучиња, што и било повод да се усмртат илјадници домашни миленичиња.

## Дамата со сто имиња

Почнувајќи од 1817 година и во следните 150 години „црната дама“ на своите патешествија од Исток на Запад



и обратно, седум пати застанувала, однесувајќи со себе милиони човечки животи. Историските податоци покажуваат дека во споменатата година, епидемијата почнала од Русија, каде им се придружила на британските војници и ги следела на сите нивни патешествија низ „империјата во која сонцето никогаш не заоѓа“. Данок во човечки животи земала во Германија, во Италија, во Шпанија, во Португалија, во Африка, во Кина, во Јапонија, во Индонезија. Кога стасала во Северна Америка, „налетала“ на вакцина и од тогаш само уште неколку пати ќе се појави, но доволно за да зад себе остави страотни бројки од жртви. За жал, денес е тоа морбидна статистика која изгледа вака. Во 1855 година, во Кина, во Индија и во Хонг Конг, усмртила 15 милиони луѓе, 1889 година во Русија и во скандинавските земји 500 000,а во Северна Америка 360 000 души. Едно од последните патешествија на „црната дама“ се случило низ цела Европа. Тргнувајќи во 1918 година од Шпанија, тогаш под името „шпанска треска“ ќе покоси над 50 милиони луѓе, четири пати повеќе од оние што се загинати во Втората и најкрвавата светска војна, која таа година и завршила.
Токму овие страотни бројки биле поттик за научниците да ја одгатнат суштината на тој најсмртоносен вирус во човечката историја. Истражувањето траело сè до 2005 година, а епилогот на тој глобален потфат гласи: „Шпанската треска е единствен смртоносен производ на природата, еволуцијата и мешањето на луѓето и животните“. Благодарејќи и на вакцината, чумата била сопрена, но не и искоренета. Хронолошки гледано, „црната чума“ ќе се појави во 1957 година, под името „азиски грип“ и ќе усмрти 1,1 милион луѓе ширум светот. Во 1968 година, сега како „хонгконшки грип“, ќе однесе над милион човечки животи. За среќа, благодарејќи им на научниците ширум светот, во почетокот на седумдесеттите години на 20 век е создадена вакцина, која оваа болест не ја искоренува, но ја уништува доколку навремено се забележи и со вакцина се спречи нејзиното ширење.



## Од сида до КОВИД 19

Човековата надменост и арогантност во однос на сиот останат жив свет, особено во втората половина на 20 век, од секаква употреба или спомнување, ќе го исфрли Господ. „Каков Господ, какви бакрачи, во прашање се бактерии и вируси кои егзистираат во човекот и околу него“, се првите лаконски заклучоци, изречени дури и од оние кои се закитиле со Нобеловата награда.
И тогаш, попрецизно, во 1981 година, светот ќе се соочи со СИДА, првото модерно име на смртоносната болест, која ќе се појави во Америка. Првата информација дека таа се појавила во хомосексуалните заедници во Америка, во играта повторно ќе го замеша семоќниот Господ. Апсурдно или не, тогаш и врвните вирусолози ќе се согласат дека „во изопачениот човечки род се вмешала некоја „виша сила“. Оние, што секогаш и во секоја необјаснива појава, отфрлаат каква било „виша сила“, ќе излезат со неаргумертирани теории, тврдејќи дека СИДА била забележана уште во 1920 година во Западна Африка, па оттаму, преку Хаити, стигнала во Њујорк и Сан Франциско. Божја или природна, СИДА-та во последните три децении има однесено 35 милиони човечки животи, а повеќе од половина од нив не се хомосексуалци. Таа, до некаде, е сопрена со комбинација на десетина лекови, но за неа се уште не е најден ефикасен лек. Дваесет години подоцна, сопрената „чума на хомосексуалците“ ќе ја смени „птичјиот грип“. За прв пат грипот се појавил во 1997 година во Хонг Конг, кај птиците, а веднаш бил доведен во врска со сезонскиот грип. За среќа, не преминал на луѓе, но усмртил повеќе од 120 милиони птици ширум планетава. Заминува „птичјиот грип“, а се појавува смртоносниот САРС, варијанта на грип, но не е грип. Најпрвин, ќе се појави во Кина во 2002 годна и ќе се рашири низ 29 земји во светот, и за среќа, од регистрирани 8.098 заразени лица, само 774 нема да го преживеат грипот што се вика САРС. Седум години подоцна, во 2009 година, во САД ќе се појави нов



грип, сега веќе крстен „свински грип“. Како и да се викал, усмртил 575.000 луѓе и двојно повеќе диви и домашни свињи. Само во Египет усмртил 300 000.

## МЕРС и првата „војна за вакцини“

За појавата на овие САРС вируси се врзуват и најновите „теории на заговор“ и вртоглавиот процут на фармавцевската индустрија. Неколку месеци по појавувањето на птичјиот и на свинскиот грип, се појавуваат и вакцини кои ги уништуваат, а тие се многу скапи. Создавачите на тие „експрес вакцини“, преку ноќ прават корекции на цената и, со помош на политичките елити, измислуваат „задолжително“ вакцинирање на целата човечка популација на планетава. И кој знае како ќе завршеше таа „војна“ помеѓу глобалистите и пацифистите, да не се појавеше нова „смртоносна дама“, наречена МЕРС. Под фармавцевското име „Блискоисточен респираторен синдром корона вирус“, МЕРС, се појавува 2012 година во Саудиска Арабија. Се манифестира како и САРС, со воспаление на белите дробови и откажување на бубрезите. Од Арабија стасал во 27 земји, но без потешки последици, освен во матичното легло. На Арабискиот Полуостров, од МЕРС биле заразени 2.494 лица, од кои починале 858. Речиси сите во Саудиска Арабија.
И претпоследната, таинствена и смртоносна болест, која го загрижи светот, позната под името „ебола“, може да се смета за локална. Најпрвин се појавила во Гвинеја, а потоа, логично, се проширила во соседните Сијера Леоне и Либерија. Овој вирус името го добил по реката Ебола во регионот Конго. Без оглед што за прв пат се појавила во 1976 година во градот Јембуку, на себе не привлекла пошироко влијание, бидејки тогаш биле регистрирани само 316 заболени луѓе. Новото појавување се случило во 1995 година и тогаш, во Сијера Леоне биле заболени 318 лица, а потоа и во 2000 год. во Уганда, каде што биле регистрирани 425 заболени, а умреле 224 лица. Најголемата епидемија на „ебола“ била регистрирана во 2013 година во Западна Африка.

## КОВИД 19 и Господ на помош

Без оглед што според сите релевантни показатели не е најголема и најопасна, последната „црна чума“ позната како Корона - КОВИД 19, со која деновиве се соочува светот е, и ќе остане „тотално планетарна“.  Познато е дека околу неа ништо не е познато, а ќе остане запаметена како мешавина од десетина елементи, медиски поврзани со вирусот КОВИД 19 . Независно од редоследот (допуштени се слободни комбинации), тие елементи се: теории на заговор (не им се знае бројот), разлутените лилјаци, геостратегиската економска војна, Бил Гејтс и Џорџ Сорос, фармацевтските компании, „почетокот на владеењето на жолтата раса“, 5 Г-интернет, фејсбук и твитер експертите, апокалипсата на Св. Јован, второто доаѓање на Исус и целосно преземање на контрола и владеење на „новата светска влада на шестмината“ со целата светска популација.
Дилемата може да ја одгатне Господ, во некое од утрата што доаѓаат. На нас ни останува да се надеваме дека „лошата“ дама, „Корона“, ќе си замине.

Миле Раденковиќ



Под фармавцевското име „Блискоисточен респираторен синдром корона вирус“, МЕРС, се појавува 2012 година во Саудиска Арабија. Се манифестира како и САРС, со воспаление на белите дробови и откажување на бубрезите. Од Арабија стасал во 27 земји, но без потешки последици, освен во матичното легло





# Извидничко движење
## Од идеја на еден генерал, до светска младинска организација

Почетоците на ова движење неизбежно се поврзуваат со генералот Роберт Баден Пауел, основачот на извидништвото во светот, а воедно и исклучителен британски коњанички офицер, автор на многу воени и невоени дела и докажан воен лидер со богато воено резиме. Иако во текот на својата кариера исклучително добро ги завршува сите делегирани задачи, зенитот на успешноста во командувањето и раководењето го постигнува во битката за Мејфкинг. Она што е малку познато во врска со извидниците во светот, а во исто време и фасцинантно, е фактот што главната идеја и инспирација за создавањето на извидничкото движење потекнува токму од Битката за Мејфкинг. Битката за Мејфкинг или одбраната на Мејфкинг се смета за првата реална извојувана предност против боерите во Втората боерска војна во 1900 година во Јужна Африка.

Извидници – една од најстарите и најмасовните младински организации чија мисија е да придонесе во едукацијата на младите луѓе низ систем на вредности основани на извидничкиот завет и закони, да помогне да се изгради подобар свет каде што луѓето се исполнети со себе како индивидуи и да игра конструктивна улога во општеството. Денес работата на извидниците во светот е распространета и општо позната, а се одликува со активности на младите луѓе предводени од мотото „Создаваме подобар свет“

Историјата на спротивности помеѓу Јужноафриканците со англиско и африканско говорно подрачје во врска со поседувањето и управувањето на минералните богатства во Јужна Африка е причината поради која британските воени авторитети се наоѓаат повикани за заштита на населението во Јужна Африка. Со таа цел, воениот врв одлучил да се ангажираат дваесет офицери од различни родови и служби (наместо побараните 10.000 војници од страна на началникот на британската армија, лорд Волслеј), меѓу кои и самиот Баден Пауел. Дотогаш, тој, како докажан офицер на Коњаницата на Војската на кралицата Викторија, службувал во повеќе единици каде што секогаш се истакнувал со својата умешност за раководење и

командување. Она што хроничарите го забележале е фактот што во неколку случаи за време на своето службување во британските единици во Јужна Африка, во недостаток на извидувачки единици, Баден Пауел бил приморан лично да спроведува извидување на теренот и собирање на информации за непријателот. Ваквите искуства со текот на времето особено придонесуваат во неговата стручност во тактиката на извидувачките единици, па сосема природно одлучува стекнатите знаења на теренот да ги преточи во книгата „Извидување и набљудување" во 1884 година.
Мисијата која ја добива генералот Баден Пауел со распоредувањето во Мејфкинг е да мобилизира и да организира мала воена формација која ќе има задача одбрана на самиот град. Со оглед на тоа дека капацитетот на локалното воеспособно население бил исцрпен за одбраната на градот, многу општествени задачи и координативни врски биле во стагнација. Во овој момент Баден Пауел одлучува да организира еден одред од деца за извршување на курирски и други општествени задачи низ градот, додека населението кое е способно за војување, е ангажирано за одбрната. Умешноста и инвентивноста на Баден Пауел во раководењето и командувањето се препознава во фактот дека одбраната на Мејфинг издржува константни напади од преку 7000 боерски војници во времетраење од 217 дена, за што веќе во Британија бил сметан за народен херој.
Сепак, она што останува значителен белег кај генералот е работата на ангажираниот Младински одред на Мејфкинг (Mafeking Cadet Corps), со нивната извршителност, ангажираност и иницијативност, кои сами по себе биле фасцинантни. Во тој момент тоа служи како доволен доказ за огромниот потенцијал кај младите, за кој заклучува дека мора правилно и сеопфатно да се насочи и да се искористи во нивната изградба во цврсти личности. Оттогаш тој активно почнува да работи на организирање и на обликување на своите идеи за воспоставување на извидничкото движење и негова популаризација кај младите во Британија.
Негувајќи ја својата издавачка дејност, особено во доменот на извидувачките единици, во 1899 година тој го издава прирачникот „Помош во извидувањето", кој своевремено, не само што е оценет од воеcivicстручната фела како исклучително практичен и корисен, туку привлекува значително внимание и кај цивилното население. Набрзо после неговото издавање, овој прирачник станува референтна литература кај значителен број на младински организаии и разни училишни секции за вонnаставни активности. Така, во 1906 година, по сугестија на Вилијам Смит и Ернест Томсон Сетон (основачи на слични младински движења во САД), Баден Пауел ја приспособува содржината на последното негово издадено дело „Помош во извидувањето" за помладата публика и ја создава брошурата „Извидништво за момчиња" (Scouting for boys).
Со оглед на тоа дека оваа брошура за многу краток период станува своевиден бестселер и привлекува особено внимание кај младите во



За време на двете светски војни, извидничкото движење, не само што се проширило и се зајакнало во светот, туку и извидниците активно биле ангажирани и помагале во делот на цивилните активности. Така, тие извршувале задачи како курири, набљудувачи на пожари и крајбрежја, носители на болнички носилки, собирачи на метал, собирачи на донации и како извршители на останати општествени работи, давајќи го својот удел во дестабилизираното општество









Британија, генералот Баден Пауел решава да ги тестира своите идеи и концепти за извидништвото кои ги опишува во својата брошура.
За да го оствари ова, тој формира група од дваесет и две момчиња од различни социјални позадини на возраст од 10 до 17 години и ги одведува на островот Браунси на неколкудневен камп. На овој камп, секој ден започнувал со утринско вежбање, преглед на просториите и на личниот изглед, а во текот на денот групата изведувала теми од доменот на кампувањето, готвењето во природа, пешачењето, пеење и раскажување на приказни. Исходот и резултатите од спроведениот социјален експеримент на генералот Баден Пауел биле исклучително фасцинантни и содржеле чист потенцијал за проширување на

Денес, во Светската организација на извидничкото движење се регистрирани над 50 милиони членови од целиот свет кои секојдневно го живеат мотото „Биди подготвен“ и го оправдуваат вложениот напор за идејата на генералот Баден Пауел да прерасне во светска младинска организација

идеите и заземање на поголема форма на ниво на организација. Заклучокот бил евидентен – формирањето на организација која ќе ги ангажира младите и ќе им го доближи животот и работата во природата е чист императив кој мора да се оствари во иднина.
Иако веќе во овој период Баден Пауел го носи чинот генерал и е угледен и квалитетен офицер назначен за генерален инспектор на Коњаницата во британската Војска, сепак во 1910 решава да се повлече од армијата и потполно да се посвети на развивање на извидничкото движење во Британија и во светот. Од овој момент до завршувањето на Првата светска војна, Баден Пауел успева да го поттикне и да го развие извидништвото во повеќе земји, вклучувајќи ја и Канада, Русија и Јужна Америка, и да го охрабри интересот на девојчињата за членување во оваа организација. Неговата сестра Агнес Баден Пауел ја презема одговорноста за формирање на паралелна организација за девојки извидници која ја нарекува „Девојки водачи“ (Girl Guides), во која иницијално се пријавуваат над 8000 девојчиња кои изразуваат интерес за извидничкото движење.
Она што е особено интересно е фактот дека општествениот раздор што го предизвикувале двете светски војни и периодот меѓу нив не бил ограничувачки фактор за ширење и зацврстување на извидништвото како движење. Напротив, за време на двете светски војни, извидничкото движење, не само што се проширило и се зајакнало во светот, туку и извидниците активно биле ангажирани и помагале во делот на цивилните активности. Така, тие извршувале задачи како курири, набљудувачи на пожари и крајбрежја, носители на болнички носилки, собирачи на метал, собирачи на донации и како извршители на останати општествени работи, давајќи го својот удел во дестабилизираното општество.
Карактеристично е тоа што токму во 1914 година Баден Пауел успева да го систематизира извидничкото движење, со тоа што помладите извидници на возраст од 9 до 12 години работат по посебна програма за „Волчиња“ (Wolf Cubs), додека после војната воведува уште една група „Извидници Ровери“ (Rover Scouts), во која припаѓаат членовите на возраст до 16 години.
Токму помеѓу двете светски војни, во 1920 година, Баден Пауел го организира првото Меѓународно џамбори во Лондон. Идејата за овој масовен интернационален собир на извидници е да се прослави десеттиот роденден на извидништвото во светот, и покрај тоа што светот во овој период заздравува од последиците од Првата светска војна. Во годините што следат, извидништвото активно се проширува и прераснува во своевиден младински тренд, со реално влијание на општествениот живот и промотор на здрави вредности кај младите.
Денес, во Светската организација на извидничкото движење се регистрирани над 50 милиони членови од целиот свет кои секојдневно го живеат мотото „Биди подготвен“ и го оправдуваат вложениот напор за идејата на генералот Баден Пауел да прерасне во светска младинска организација.

Бојан Миклош

# Музеј на авијацијата – Белград



Изградбата на комплексниот и несекојдневен објект е започната во средината на 1970-тите години. Официјално во употреба, Музејот е отворен за јавноста на 21 мај 1989 година, поточно на Денот на Военото воздухопловство и противвоздушна одбрана на поранешната Југословенска народна армија. Во својата колекција музејот поседува над 200 летала, кои претходно биле во употреба во Југословенското воено воздухпловство, а подоцна во Српското воздухопловство. Дел од леталата се од цивилните воздухопловни авиокомпании, од аероклубови, а дел се добиени со размена со други институции и музеии или приватни колекционери. Еден дел од постојаната поставка која е изложена во музејот е сместена во надворешниот дел околу самиот музеј, а другиот дел го сочинуваат артифакти кои се изложени во внатрешноста на објектот. Музејот на авијацијата во својата колекција поседува неколку уникатни примероци како што се, на пример, единствениот преостанат примерок на „фиат G50“, остатоци од единствениот соборен „F-117“, единствениот останат примерок на „ЈАК-3“ итн. Покрај обемната и разновидна понуда на воздухоплови кои можат да се видат, во музејот има мошне голема колекција и на фотографии (преку 200 000), делови од летачка опрема (комбинизони, шлемови, униформи, обележја), книги и документи, значки,одличја, ордени итн. На двата ката во музејот се распоредени 50 различни видови летала, започнувајќи од едрилици, хеликоптери, клипни авиони, млазни авиони, различни видови на проектили

На периферијата на главниот град на Србија, Беград, во Сурчин, во непосредна близина на интернационалниот аеродром „Никола Тесла“, е лоциран Музејот на авијацијата. Креативната идеја и дизајнот за овој величествен објект е започната уште во далечната 1957 година. Музејот е дизајнерско дело на сараевскиот архитект Иван Штраус



и наведувани ракети, додека во надворешниот дел се распоредени околу десетици летала, а дел од леталата има и во реставраторскиот одел во депото на музејот. Дел од воздухопловите кои се изложени, поради својата големина се внесувани и поставувани во внатрешноста на музејот во текот на самата градба. Периодот кој е опфатен со изложените летала е од 1911 година па сѐ до денес. Производителите и земјата на потекло на леталата е мошне разновидно, така што во постојаната поставка може да се видат летала со потекло од поранешна Југославија, од Соединетите Американски Држави, од Русија, од Канада, од Германија, од Франција и од други земји. Друг интересен раритет за овој музеј е и можноста на едно место да се видат сите позначајни авиони-ловци кои учествувале во Втората светска војна, и оние од страна на силите на оската и оние од страна на сојузничките сили. Музејот на авијацијата е едно од најпосетуваните места од страна на туристите при посета на Белград. Ова се должи на самата локација, до близина на аеродромот, но и на самиот квалитет на она што се нуди. Од 2018 година, одговорен за одржување и функционирање на Музејот е Министерството за одбрана на Република Србија. Музејот е отворен за посета секој ден, со исклучок на понеделник, во период од 09:00 часот сѐ до 17:00 часот. Цените на влезниците варираат, во зависност од од категоријата, но за возрасни лица цената изнесува 7 евра. Освен за посетителите и ентузијастите на авијацијата, Музејот честопати е и место за организирање на различни активности како: симпозиуми, манифестации, конференции, снимање на музички и филмски сцени итн. Многу често дел од воздухопловите кои се изложени во надворешната постојана поставка се користат при снимање на филмови. Музејот на авијацијата во Белград е рангиран како еден од десетте најдобри музеи за авијација во светот и во секој случај вреди да се посети доколку постои таква можност.

Златко Блажески



# „Дојди и види“

Сите проблеми почнуваат со децата. Некои нации немаат право на иднина. Вашата нација не заслужува да постои.“ Овие неколку зборови, изговорени од заробен германски војник во филмот „Дојди и види“, кој го претставуваме овој месец, ја рефлектираат суштината на нацистичката идеологија - супериорноста на еден народ над друг и нееднаквото право на постоење. Токму таа идеологија, со сета нејзина немилосрдност, ја гледаме спроведена на дело во овој советски филм на Елем Климов од 1985 година (воедно и негов последен филм), лоциран во окупираната Белорусија, каде за време на Втората светска војна се уништени 628 села, заедно со нивните жители. Преку ликот на едно младо момче наречено Флорја и неговата лична, трагична приказна, е екранизиран теророт низ кој поминала оваа советска земја. Не случајно се вели дека ова е филм во кој живите им завидуваат на мртвите.

## Соочување со војната

„Дојди и види“ почнува со една навидум детска игра, која ќе наплати висока цена. Четиринаесетгодишниот Флорја, заедно со неговото другарче од селото, играат „Партизани и Германци“ во атарот на нивното село, некаде во Белорусија. Копајќи низ полето, тие откопуваат закопани реквизити на војници, а еден ден Флорја ќе успее да откопа пушка, истиот ден кога над нив надлетува воен извиднички авион и веројатно ги забележува. Од тој момент, таа е негова пушка. Селскиот старешина го предупредува дека со копањето ќе му навлече проблем на селото, но момчето е премногу младо за да сфати што значи војна. Млад е и да ја процени сопствената подготвеност при неговото пријавување во партизани, наспроти противењето на неговата мајка, но фанатизмот кон антифашистичкиот отпор се чини посилен од неговата зрелост и разум. Како последен и најмал регрут, тој врши мали и споредни работи во кампот во шумата и еден ден кога четата ќе се спреми за напад, Флорја е принуден да остане во кампот, со медицинските сестри како најнеискусен. Но, набрзо по заминувањето на четата, кампот е бомбардиран и момчето, заедно со младата медицинска сестра Глаша, девојка спасена од страна на партизаните, се оставени самите да се снаоѓаат и да најдат засолниште. Од тој момент, започнува сагата на младиот партизан, кој ќе види работи кои никогаш не помислил и дека постојат, целиот терор, хорор и ужас на војната, фрлени на неговиот пат. Обидувајќи се да преживее, тој ќе го почувствува страдање преку судбините на луѓето со кои ќе го вкрсти животот.









## Смрт за жените и за децата

Глаша е репрезентатив на женските фигури во војната, на мајчинството и на невиноста. Млада и убава, посакувана од сите мажи околу неа, но војната ја има одвоено од сето она кое една девојка, во нормални услови треба да ги има - да најде љубов, да создаде потомство. Но, иако тоа и е одземено од ситуацијата, потребата и желбата за да се реализира како жена и мајка кај неа се многу живи. Преку мајката на Флорја, пак, ја гледаме исконската и неизмерна љубов на мајката кон своето дете, која не може да се помири со одвојувањето од него, па моли од својот син да ја убие заедно со ќерките пред да замине, затоа што неговото заминување е потрауматично за неа од самата смрт. Третата значајна женска фигура е една русокоса селанка, млада мајка, со премногу слични физички карактеристики на Глаша, која е мачена и силувана од страна на германските војници и пуштена, едвај жива да се врати во селото, а Флорја го сведочи сето тоа. Всушност, тегобноста на целиот филм, веројатно лежи токму во импактот кој оваа војна го направила врз жените и децата, а кој е многу присутен во „Дојди и види“. Наспроти впечатокот дека мажите, поради тоа што се борат директно на фронтот, се најзагрозените, Нацистите се потрудиле да ги сотрат сите жени и деца, младината и сѐ што може да продуцира потомство. Само така ќе се осигураат дека една нација ќе престане да постои. Така, при еден напад на едно од селата, откако ги затвораат сите селани во една црква и кога станува евидентно дека ќе ги запалат живи, нацистите им велат на селаните дека кој е подготвен да го остави своето дете во црквата да изгори, може да се прекачи преку прозорецот и ќе биде слободен, како крајна немилосрдност. Да се жртвува сопственото дете за да се преживее. И, откако сѐ е мртво, среде изгореното село, како единствена останата жива жена ја оставаат неподвижната баба, исмевајќи ја со зборовите: „Сега ти бабо донеси на свет многу потомци.“ Токму во масакрот на тоа село, речиси пред крајот на филмот, првпат одблизу ги запознаваме фашистите со сета нивна патологија и уживање во мачењето



на други живи битија. Претходно, го гледаме само пустошот кој го оставаат зад себе, вклучувајќи го и празното село на Флорја, каде жртви на нацизмот се и неговата мајка и двете сестри. Целта на фашистите не е во убивање на оние на другата страна, туку начинот на кој го прават тоа. Односот е застрашувачки затоа што во себе го содржи елементот на задоволство во гледањето на туѓото страдање, па затоа и убивањето е на крајно брутален начин. Режисерот не изостава да навлезе во нивната патопсихологија и во нивните разлики од партизаните. Додека го масакрираат селото, ги гледаме полни со его, со некаква надмоќ и сила која ја демонстрираат поседувајќи ги животите на селаните, но кога се од другата страна на нишанот, нацистите се сосема спротивни во сликата која ја оддаваат. Кај нив нема хероизам ниту идеологија, братство и заемна почит, напротив, веднаш се свртуваат еден против друг, обвинувајќи се, навредувајќи се, дури и се нудат самите да ги убијат своите пријатели само за да се спасат себеси.

## Филмот и апокалипсата

„Дојди и види“ е филм кој во себе го има целото мајсторство на советската филмска школа: извонредна фотографија, контрасти, длабински разработена психологија на карактери, експресивност на емоции, долги импозантни кадри… Филмот е вистинско уживање во однос на уметничката вредност на кадарот, како и приказната која е суштински пренесена, без празнини и недостатоци. Мора да се напомене дека графичките прикази на многу сцени се тешки и трауматични за гледање и дека не се препорачливи за помладата популација.Накратко, ако треба да го сумираме филмот во неколку реченици, би кажале дека е ремек дело кое пренесува една надреална слика за пустошот на војната. За оние кои можат да извлечат референца на насловот, веројатно и ќе добијат некаква слика за тоа што ги чека во самиот филм. Цитатот „дојди и види“ е преземен од последната книга на Новиот завет од Библијата, позната како „Откровението на Јован“ или „Апокалипса“. Со појавувањето на четирите јавачи на апокалипсата, филмот „Дојди и види“ е покана на ѕверот за да се посведочи крајот на светот. Токму со тој библиски настан е направена паралела за да се претстави тежината на филмот.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Elem Klimov

**Улоги:** Aleksey Kravichenko, Olga Mironova, Liubomiras Laucevicius, Vladas Bagodonas, Viktors Lorencs, Aleksandr Berda

**Сценарио:** Ales Adamovich

**Музика:** Oleg Yanchenko

**Кинематографија:** Aleksey Rodionov

**Монтажа:** Valeriya Belova

**Земја:** Советски Сојуз

**Времетраење:** 136 минути

**Година:** 1985

**Награди:** FIPRESCI и Златна награда на Московскиот филмски фестивал, Награда за најдобар реставриран филм на Венецискиот филмски фестивал



# Елен скок –

## мистичниот мост во околината на

Мостот Еленски скок е познат културно-историски споменик изграден од делкан камен кон крајот на 16 и почетокот на 17 век. Изграден е на Мала Река, којашто се влива во реката Радика, на 600 метри од Бошков мост на патот Дебар – Гостивар. Со невообичаена градба и архитектура, со материјалот со кој е граден и поставеноста во просторот, овој мост е голем предизвик за секој фотограф. Патот, на коштo е изграден овој мост, пред многу векови ги поврзувал населените места од Дебарската и Полошката Котлина, а минувал низ Галичник, Маврово и продолжувал кон Гостивар.

Постојат повеќе легенди за ова мистично и прекрасно место. Според првата легенда, мостот е изграден во знак на сеќавање на момчето кое,, за да ја одбрани честа на својата девојка, убил еден турски бег. По настанот, Турците пратиле силен аскер за да го фатат. Гонет од аскерот, момчето бегало и стасало до надојдената Мала Река. Во тој момент на очај и безизлез за момчето, од шумата се појавиле самовили и го претвориле во прекрасен елен, кој без проблем ја прескокнал реката. Подоцна, во знак на сеќавање на настанот, селаните го изградиле мостот. Втората легенда раскажува за бегот кој со својата војска се обидувал да улови еден елен којшто постојано им бегал и никако не допуштал да му се приближат. Иако бил ранет, еленот не се предавал ни во оној момент кога бегството речиси било невозможно. Кога се нашол на брегот на Мала Река, скокнал на другиот крај на реката и таму починал. Восхитен од неговата храброст и упорност да достои до крај, не предавајќи му се на непријателот, бегот наредил во негова чест да се изгради мост, што ќе го симболизира тој судбоносен скок на еленот.

Третата легенда вели дека, на планината Стогово, во непосредна близина на селото Могорче, ловџија од селото, одејќи на лов, пресретнал елен. Ја подигнал пушката за да пука. Но, кога еленот го погледнал, сфатил дека еленот со топлиот поглед и ставот, како да го моли да не пука, да не го убива. Ловџијата ја спуштил пушката, се доближил до еленот и почнал да го гали, а тој со главата го гушкал и го изразил своето пријателство. Така ловџијата и еленот се спријателиле. Ловџијата им раскажа на селаните за неговите средби со еленот. Тие едно утро се упатиле да го бараат. Го сретнале и се обиделе да го фатат, но еленот почнал да бега за да не стане плен и се обидел да ја прескокне реката. Но, не успеал. Скокот бил за неколку педи пократок, поради што ги скршил предните нозе. Во спомен на храброста и убавината на еленот, селаните на Могорче, кои биле прочуени мајстори, го ѕидале овој мост со невообичаена градба и архитектура. Мостот Еленски скок е вистинско сведоштво на умешноста на македонските ѕидари.

Кристина Илиевска



# Могорче








